АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 21.09.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4109 | 1 | |


# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017

## ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ

## ЗА ПЕРИОДОТ ОД 6 ДО 15 СЕПТЕМВРИ 2017

## *КЛУЧНИ НАОДИ*

Во овој период од мониторингот (од 6 до 15 септември 2017 година) се покажа дека редакциската агенда, изборот на жанровите, односно – изразеното тежнение од информативни (вест/во низа и извештај) да се преминува кон зачестена примена на аналитички жанрови (осврт / коментар), при осмислување на новинарските прилози, всушност го следи Роковникот за фазите на изборниот процес што Државната изборна комисија хронолошки го сегментираше според одредбите од Изборниот законик. Со други зборови, покрај редовните секојдневни информации, медиумите ја обработуваат темата за „локалните избори" сè повеќе применувајќи аналитички пристап, бидејќи во овој период веќе созреа и времето за официјалните партиски кандидатури за градоначалници, се затвори увидот во единствениот Избирачки список, а се ближи и процесот за започнување на изборната кампања.

Повеќето телевизии и радија се придржуваат кон професионалните стандарди, некои заземајќи критичка позиција кон власта. Сепак, кај неколку програмски сервиси се забележува отклонување.

МРТ1 - Првиот програмски сервис на Македонската Радиотелевизија, при информирањето за политичките партии, во овој период беше целосно фокусирана на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ, така што речиси и да не информираше за другите партии/независни кандидати, кои во овој период, исто така, подготвуваа кандидатски листи и имаа други активности. Сервисот не информираше за некои настани (на пример законските измени за промена на членот на ДИК од ДПА со претставник на Беса, информациите за градоначалнички кандидати од ДУИ или поднесувањето извештај од страна на Специјалното јавно обвинителство), додека истовремено, на моменти некритички, правеше избор при пренесувањето ставови на најголемата опозициска партија (на пример, четири пати за иста тема пренесуваше реакции на ВМРО ДПМНЕ - против Рашковски, генералниот секретар на Владата). На овој начин, МРТ1 не се придржуваше до определбата од своите Правила за медиумско покривање на Локалните избори 2017, дека при известувањето во вестите од распишување на изборите до започнување на изборната кампања „ќе обезбеди избалансираност во известувањето за активностите на политичките партии од власта и од опозицијата што се претставени во Собранието на Република Македонија", а „ќе се обиде да информира и за активностите на политичките субјекти што не се претставени во Собранието".

ТВ Алфа и ТВ Нова, го прекршија начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување публиката слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања. Имено, при известувањето за политичките партии, се концентрираа на трансмисија на ставовите на ВМРО ДПМНЕ, а во неколку наврати емитуваа прилози со негативен тон и рамка за активностите на Владата. Заземаа пропагандна позиција кон темата што ја обработуваа во континуитет – а се однесува на нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци и одлуките на некои општини да распишат референдуми - при што се поттикнуваше страв кај граѓаните. Во неколку наврати рециклираа веќе објавени информации и изјави за тоа дека странски инвеститори ја напуштаат Македонија поради политиката на новата Влада. Овие телевизии објавија дека Македонскиот центар за меѓународна соработка спровел анкета според чии резултати ставот на граѓаните е попозитивен кон ВМРО ДПМНЕ отколку кон СДСМ, иако во други медиуми МЦМС негираше дека таква анкета била реализирана од нив.

Кај ТВ Нова и ТВ Алфа се забележуваат елементи кои индицираат можна поврзаност на уредувачките политики – особено во начинот на третирање на темата за мигрантите, за заминувањето на странските инвеститори од Македонија, објавувањето наводна анкета на МЦМС кој негира дека ја спровел, концентрирањето на трансмисија на ставовите на ВМРО ДПМНЕ.

Радио Слободна Македонија, во досегашните четири извештајни периоди, со емитуваните вести не го достигна прагот од најмалку 2 часа што мониторингот на Агенцијата отсекогаш го сметал за методолошки меѓник за извлекување заклучоци. Сепак, треба да се одбележи дека Радиото е концентрирано на пренесување информации за ВМРО ДПМНЕ и речиси и да нема информации за други политички партии. На 12 септември, оваа радиостаница одлучи да репризира издание на емисијата „Земјо Македонска", оригинално емитувана на 12 февруари 2016 година, во која водителот Тони Михајловски зборува за интервјуто што Зоран Заев, тогаш лидер на опозициската СДСМ, го даде за ТВ Сител, а го водеше Драган Павловиќ - Латас. Репризирањето на оваа емисија коинцидира со дебатата со Зоран Заев, сега на позиција на премиер, што беше реализирана на 12 септември 2017 година на ТВ 24 Вести, со што медиумот дава поинаков контекст на моменталната политичка ситуација. Емисијата „Земјо Македонска" изобилува со вулгарен и непристоен речник, односно е во спротивност со професионалното начело за негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и за заштита на приватноста и достоинството на личноста.

## ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

### Телевизиски сервиси

## ПРВ ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКАТА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРТ1

### *Дневно-информативни емисии*

Примерокот за анализа на дневно-информативните изданија на МРТ1, во четвртиот извештаен период (од 6 до 15 септември 2017 година), опфати девет изданија на Дневникот 2 (од 19 часот и 30 минути), бидејќи на 7 септември во овој термин беше емитуван пренос од прославата по повод 26-годишнината од осамостојувањето на Република Македонија. Прилозите беа жанровски реализирани како извештаи, изјави, вести, соопштенија и интервју (со театарскиот режисер Иван Поповски по повод гостувањето на три претстави од Москва во МНТ).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:07:47 | 4,11 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:04:21 | 2,29 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:51 | 0,45 | % |
| Влада на РМ | 00:48:33 | 25,63 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:55 | 3,13 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:57 | 8,95 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:25:14 | 13,32 | % |
| СДСМ | 00:04:04 | 2,15 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:55 | 2,07 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:25 | 0,75 | % |
| Други субјекти | 00:39:09 | 20,67 | % |
| Без субјекти | 00:09:16 | 4,89 | % |
| Собрание на РМ | 00:03:06 | 1,63 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:09:23 | 4,95 | % |
| ДИК и други органи | 00:06:07 | 3,23 | % |
| Судство | 00:00:54 | 0,48 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:26 | 0,75 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:03 | 0,55 | % |
| | **Вкупно: 03:09:26** | **100** | **%** |

Во овој извештаен период, имаше повеќе активности на Владата на внатрешно-политички план за кои беше информирано во текот на 48 ипол минути од вестите: ставот на премиерот Зоран Заев дека се преземени потребните мерки против злоупотреби на изборите (заедно со амбасадорот на ЕУ во Македонија Самуел Жбогар и Дарко Алексов од МОСТ), формирањето Совет за македонски јазик, потребата од рамномерен развој на регионите во Македонија, промовирање на апликацијата за пријавување недостатоци на патиштата, најавата дека ќе се изработи регистар на граѓаните, реферирањата на министрите (за образование, за внатрешни работи, за одбрана) за тоа што сработиле во првите 100 дена од Владата, отворањето на Амбасадата на Јапонија во Македонија, активности по

повод одбележувањето на 26-тата годишнина од самостојноста на РМ, учеството на министерот за надворешни работи Никола Димитров на неформалниот состанок на министрите за надворешни работи од земјите-членки на ЕУ и од земјите-кандидатки за членство кој се одржа во Талин, активности околу изградбата на патиштата, мерките за подобрување на условите за рударите, за стимулирање на компаниите, посетата на премиерот Заев на затворот Идризово, реализирањето на првиот дел од Планот за реформи 3-6-9, објавувањето на податоците за субвенциите кои претходната власт им ги давала на странските инвеститори во земјава, потпишување билатерален договор за признавање на возачките дозволи со БиХ, средбата на министерката за одбрана Радмила Шеќеринска и генерал-мајор Стивен Креј, командант на националната гарда на Вермонт, презентација на владиниот план за економски раст, оперативниот план на МТСП за вработување, пораката на премиерот Заев по повод Денот на демократијата итн.

Втора по застапеност е методолошката категоријата „други субјекти", која е хетерогена и во неа влегуваат: пејачи (кои настапуваа на прославата по повод 8-ми септември), Обединета македонска дијаспора (со честитка по повод Денот на независноста и соопштение дека македонскиот е единствен службен јазик), добитниците на државната награда „8 Септември", учесниците на Меѓународниот атлетски маратон кој се одржа во Охрид, музичката ѕвезда Сара Ароести, МПЦ-ОА, земјоделци, сопственик на фабрика за конзервирана индустрија Неготино, претставници од Групацијата за преработка на месо, Комора на северозападна Македонија, МАНУ, адвокати (нивни изјави во врска со одложената јавна седница за случајот Монструм), Македонско-германско стопанско здружение, тутунопроизводители (за висината на штетите), Иван Поповски театарски режисер, претставници од Македонско-руската комора, на „Фероинвест", „Гранд Експорт", „Свислион", „ОДВ Електрик", (нова фабрика во Струга за автомобилски делови), ректор, професор и др.

Од темите од поширок интерес на граѓаните, ги бележиме прилозите кои се однесуваа на цените на зарзаватот на зелените пазари во време на подготовка на зимницата, барањата за повисока цена на грозјето кое годинава има одличен квалитет, но намален род, потрагата на музичарката, Еврејката Сара Ароести по нејзините семејни корени во Битола, преполовувањето на приносите во Пелагонија поради сушата, проценувањето на штетите од невреме во Долнени, Пожар во Делчевско, осветување црква во Велес. Се известуваше и за активностите на стопанските комори, синдикати, компании и сл.

Сепак, фокусот во информирањето беше ставен на Владата/СДСМ и на опозициската ВМРО ДПМНЕ (која е трета по застапеност во вестите со 25 минути) за сметка на некои други информации – на пример, за соопштувањето на кандидатите на ДУИ за градоначалници, извештајот на СЈО, законските измени за промена на членот на ДИК од ДПА со претставник на Беса и сл.). Има и многу малку информации за другите политички партии – се бележат само уште НДП на Весел Мемеди и ГРОМ, така што, МРТ1 не се придржуваше до своите Правила за медиумско покривање на Локалните избори 2017, според кои, при известувањето во вестите од распишување на изборите до започнување на изборната кампања се обврза дека „ќе обезбеди избалансираност во известувањето за активностите на политичките партии од власта и од опозицијата што се претставени во Собранието на Република Македонија", а „ќе се обиде да информира и за активностите на политичките субјекти што не се претставени во Собранието".

Известувањето го одбележува трансмисија на реакциите или обвинувањата од страна на ВМРО ДПМНЕ за активностите на Владата и за СДСМ, на кои (ретко) одговараат од СДСМ, понекогаш и од Владата. Изборот на пренесените ставови понекогаш се одликува и со некритичност (на пример, четири пати се пренесуваат реакции на ВМРО ДПМНЕ за генералниот секретар на Владата Рашковски за иста тема). Поголем број прилози во овој сегмент од известувањето се „*псевдовести*" базирани на „*псевдонастани*":

- *„ВМРО ДПМНЕ: Изгубени 100 дена за економијата",*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Се планира сместување на стотици илјади мигранти",*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Поднесена кривична пријава за Рашковски",*
- *„Влада: Одговор на генералниот секретар",*

- *„ВМРО ДПМНЕ: Поминаа 100 дена во стопирање на објекти“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Запрени проектите во здравството“,*
- *„СДСМ: Ги санираме штетите од претходната Влада“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Манипулации со Законот за енергетика“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Кривичната против Рашковски поткрепена со докази“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Предлог-закон за покачување на пензиите“,*
- *Писмена реакција на СДСМ во врска со предлог-законот за покачување на пензиите од ВМРО ДПМНЕ*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Повеќе политиканство од мерки во земјоделието“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Драги Рашковски ја злоупотребил својата позиција“,*
- *„Реакција ВМРО ДПМНЕ: СДСМ за три месеци урниса се“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: СДСМ не сака референдум за мигрантите“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Кривична одговорност за Рашковски“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Се кратат пари наменети за општините“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Транзицијата повторно ја зафаќа земјава“.*

Освен ова, имаше и прилози кои произлегуваа од активности на партиите - типични за периодот на изборна кампања, какви што се на пример - *„СДСМ: Измени во деталниот урбанистички план во Карпош“, „СДСМ: Шилегов: повеќе зелени површини за чист воздух“, „ВМРО ДПМНЕ: СДСМ не сака референдум за мигрантите“, „ВМРО ДПМНЕ: Транзицијата повторно ја зафаќа земјава“* и сл.

МРТ1 известуваше за работата на Собранието во делот на пленарните седници (за објавувањето оглас за нов јавен обвинител на РМ, Предлог-законот за употреба на јазиците) и на комисиите - за Предлог-законот за употреба на јазиците во Комисијата за европски прашања и на пленарната седница, расправата за интерпелацијата што ВМРО ДПМНЕ ја поднесе за министерот Никола Димитров, посетата на претседателот на Државниот збор на Република Словенија Милан Брглез, расправа за измени во Законот за медицински студии.

Локалните избори беа присутни преку информации за активностите на ДИК во врска со увидот во Избирачкиот список, за завршувањето на рокот за пријавување листи со кандидати, за почетокот на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР и за претставување на кандидатите за градоначалници на Локалните избори со акцент на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:35 | 6,30 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:07 | 2,91 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:17 | 0,39 | % |
| Влада на РМ | 00:18:44 | 25,75 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:12 | 4,40 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:13 | 8,55 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:13:42 | 18,83 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:57 | 1,31 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:50 | 1,15 | % |
| Други субјекти | 00:15:51 | 21,79 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:35 | 3,55 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:09 | 1,58 | % |
| СДСМ | 00:00:58 | 1,33 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:59 | 1,35 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:36 | 0,82 | % |
| | **Вкупно: 01:12:45** | **100** | **%** |

Трите субјекти кои имаат најмногу време во вестите – Владата, ВМРО ДПМНЕ и „другите субјекти“ имаат и најмногу време за директни обраќања.

***Посебни информативни емисии***

*Интервју*

Актуелно-информативната емисија со наслов *„Од наш агол“*, беше емитувана во редовниот термин по 22 часот, на 12 септември. Тема за дискусија во оваа емисија беа аграрните перспективи врз подлогата на досегашните искуства. Гостин беше проф. д-р Драги Димитриевски, професор на Факултетот за земјоделските науки и храна и член на ИК на ВМРО ДПМНЕ. Гледачите беа информирани дека МРТ1 уредно поканила претставник за дебата и од СДСМ, (покажана беше писмената покана до СДСМ), меѓутоа до тој миг, немало ниту одговор од партијата ниту нивни претставник. Емисијата беше реприизирана следниот ден во попладневните часови.

***Други програми***

Во специјализираната емисија *„Добра земја“*, емитувана на 7 септември, по 12 часот попладне, земјоделците беа информирани дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ги потсетува лозарите оти годинава ќе добијат зголемена субвенција од 10% по хектар, согласно Владината одлука и Програмата за финансиска поддршка, како дел од Програмата за зголемување на субвенциите за лозови насади - 20% во следните 4 години. На 9 септември беше емитувана уште една емисија наменета за земјоделците *„Добра земја“*, со известување до земјоделците дека завршил рокот за аплицирање за неповратни 10 000 евра финансиска поддршка за млади земјоделци за започнување земјоделска дејност за која, според Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, конкурирале 662 лица. Оваа емисија беше реприизирана на 11 септември околу 5 часот наутро и на 12 септември попладне.

На 7 септември, со почеток во 19 часот, беше пренесувана централната прослава по повод 8 Септември – Денот на независноста на Македонија, кој се одбележа под мотото „Македонија слободна, слободно живее“. Во рамки на централната прослава се обрати и претседателот на македонската Влада Зоран Заев.

## ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКАТА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРТ 2 ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

***Дневно-информативни емисии***

Примерокот од десетте анализирани изданија на Дневникот 1 во 18 часот и 30 минути на МРТ2 - Програмата на албански јазик, во четвртиот извештаен период (6-15 септември 2017 година) беше сочинет од прилози со вкупно траење од 3 часа 39 минути и 41 секунда. Најчест жанр беше извештајот, имаше и изјави, соопштенија, вести, како и осврти (4 минути и 22 секунди).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 2 - албански јазик | | |
|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:09:34 | 4,35 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:05:25 | 2,47 % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:49 | 0,37 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:08:30 | 3,87 | % |
| Беса | 00:04:55 | 2,24 | % |
| ДПА-ДР | 00:05:27 | 2,48 | % |
| СДСМ | 00:06:18 | 2,87 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:11:10 | 5,09 | % |
| Граѓански сектор | 00:19:33 | 8,90 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:15:41 | 7,14 | % |
| Влада на РМ | 00:42:32 | 19,36 | % |
| Собрание (Беса) | 00:02:11 | 0,99 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:18 | 5,14 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:14 | 4,66 | % |
| Други субјекти | 00:24:55 | 11,34 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:02:58 | 1,35 | % |
| Собрание на РМ | 00:07:07 | 3,24 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:28 | 0,66 | % |
| Без субјекти | 00:11:08 | 5,06 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:49 | 1,74 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:44 | 0,79 | % |
| ДИК и други органи | 00:06:03 | 2,76 | % |
| Судство | 00:01:39 | 0,75 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:07 | 1,87 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:21 | 0,16 | % |
| Унитети | 00:00:21 | 0,16 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:22 | 0,17 | % |
| | **Вкупно: 03:39:41** | **100** | **%** |

Редовното информирање за работата на Владата во домашната и во надворешната политика резултираше со време од 42 и пол минути од вестите посветени на: активностите за реализирање на реформскиот План 3-6-9, заложбата за рамномерен развој на регионите, решавањето на повеќегодишниот проблем со недостиг од гинеколог во Шуто Оризари, потребата од нови вработувања за да се реализира мерката за двосменско работење во градинките, отворањето Амбасада на Царството Јапонија во Македонија, одбележувањето на 26-тата годишнина од осамостојувањето на Републиката, средбата на македонската амбасадорка во Белград Вера Јовановска – Типко со српската премиерка Ана Брнабиќ, учеството на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски на Конференција на министри на земјите кои се дел од процесот Брдо, отчетот за првите 100 дена на министерствата за транспорт и врски и за одбрана, повлекувањето учебници со дискриминаторска содржина, посетата на премиерот Зоран Заев во затворот Идризово (заедно со Народниот правобранител и со Хелсиншкиот комитет за човекови права), новите мерки за економски развој, за вработување на младите, потпишувањето договор за меѓусебно признавање на возачките дозволи со БиХ, пораката на премиерот по повод Денот на демократијата и реакцијата од Владата за вториот Извештај на експертската група предводена од Рајнхард Прибе. За првите 100 дена од работата на Владата, освен позициите на извршната власт, пренесени беа ставовите на Беса, ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, на граѓаните и на експерти. Во врска со законитоста и етичноста на учеството на компанијата „Фероинвест", чиј сопственик е министерот Кочо Анѓушев, на тендер на ЕЛЕМ, во неколку извештаи беа сопоставени ставовите на министерот, на ВМРО-ДПМНЕ, на Државната комисија за спречување корупција.

МРТ2 редовно ја следеше работата на Собранието преку темите кои се наоѓаа на дневен ред на пленарните сесии или на комисиите: распишувањето оглас за нов јавен обвинител, особено дискусијата за Предлог-законот за употреба на јазиците, усвојувањето измени на Изборниот законик со кои членот на ДИК од редовите на ДПА треба да се замени со претставник од Беса (која по изборите во 2016 година стана четврта по бројот на пратеници во Собранието, измени во Законот за медицински студии. Освен ова, имаше

извештаи и за средбата на претседателите на парламентите на Македонија Талат Џафери и на Словенија Милан Брглез, како и за потпишувањето меморандум со Фондацијата Вестминстер.

За одбележување на Денот на независноста покрај најавата за предвидените содржини, беа емитувани и два ретроспективни осврта за историски важни мигови и за улогата на Албанците во нив, како и пресек на сегашната состојба на земјата и положбата на Албанците, а беа пренесени и информации за пораките на државниот врв и на претседателот на опозициската ВМРО ДПМНЕ.

Локалните избори се наметнаа како тема преку прокламирањето на заложбите на Владата, невладината организација Мост и странските политичари (евроамбасадорот Самуел Жбогар, Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР) за фер избори, претпоставките/информациите за изборот на градоначалничките кандидати, а потоа и нивното претставување од страна на политичките партии, работата на ДИК во поглед на увидот во Избирачкиот список и експертски ставови за тоа што треба да им понудат кандидатите на гласачите, за тоа дека во фокусот треба да биде положбата на Албанците на локално ниво. Во вестите беа пренесени и ставови на тројца експерти од дебатната емисија реализирана на МРТ2 посветена на Локалните избори. Меѓу информациите од ДИК беше пренесен и ставот на нејзиниот член од ДПА во поглед на законските измени според кои на негово место треба да дојде член од Беса. Токму во контекст на подготовките за изборите, МРТ2 редовно објавуваше информации и за низа политички субјекти - ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, ДПА-ДР, Беса, ПДП, ДПА, НДП, Унитети.

Инаку, според распоредот на времето, втора по застапеност е методолошката категорија „други субјекти", а трета „граѓански сектор". Меѓу „другите субјекти" спаѓаат Народен правобранител, адвокати, челници на универзитети, Антикорупциска комисија, стопански комори, МАНУ, ИВЗ. Прилозите за организациите од граѓанскиот сектор се однесуваат на работата на Советот за етика во медиумите, ЗНМ, СЕММ, МОСТ, Иницијатива за одговорност на родители, Конфедерација на независни синдикати, Коалиција за младински организации „СЕГА", синдикати, Црвен Крст.

Кај известувањето за партиите има вест и за средбата на лидерот на ДУИ Али Ахмети со албанскиот претседател Илир Мета.

Од локални теми беше известено за тоа дека во Порој, и четири месеци по поплавите, сѐ уште се видливи последиците, за палењето пластични отпадоци на влезот на Тетово, потребата да се изгради патот до Дреноец, штетите во Горно Свиларе предизвикани од силен ветер, протестот на пазарџиите пред зелениот пазар во Куманово, ставањето темели за нова џамија во Чаир. Во овој сегмент можат да се вбројат и информациите за редовни активности на локалната власт какви што се фестивалот на грозјето во Бојане и подобреното функционирање на водоводот во Тетово.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:52 | 6,66 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:05 | 3,59 | % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:20 | 0,57 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:01 | 13,80 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:28 | 7,69 | % |
| Влада на РМ | 00:11:03 | 19,02 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:51 | 1,46 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:24 | 9,30 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:46 | 4,76 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:57 | 1,64 | % |
| Други субјекти | 00:08:18 | 14,29 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:18 | 0,52 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:30 | 2,58 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:50 | 1,43 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:42 | 4,65 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:55 | 1,58 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:12 | 2,07 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:34 | 2,70 | % |
| Беса | 00:00:28 | 0,80 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:31 | 0,89 | % |
| | **Вкупно: 00:58:05** | **100** | **%** |

Кај директните обраќања, како што може да се види од Табела 2, повеќе од 10 минути во текот на десетте дена имаат само претставниците на Владата.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Дебати</u>*

Во овој извештаен период, МРТ2 реализираше една дебатна емисија „*Аргумент*", во која правниот експерт Насер Зибери, политикологот и универзитетски професор Ѓула Челику и универзитетскиот професор Зимри Елези, дискутираа на темата: *Што може да се очекува генерално од овие избори?* Се зборуваше за потезите на политичарите, кои се во централната власт, а ќе се кандидираат на локално ниво, за застапеноста на жените во политиката и општо за тоа што би требало да направат идните градоначалници, особено за албанското население. Емисијата имаше две репризи, првата на 13 септември, а втората на 15 септември.

***<u>Други програми</u>***

На 8 септември, во рамки на утринската емисија „*Разбуди се со нас*" се емитуваа интервју со Ризван Сулејмани, проректор на Универзитетот Мајка Тереза и репортажа за независноста на Македонија.

## Радио сервиси

## МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС

### *Дневно-информативни емисии*

Анализата се однесува на периодот од 6 до 15 септември и се опфатени десет изданија на централното дневно-информативно издание на вестите на Првиот програмски сервис на Македонското радио. Девет од изданијата се однесуваат на Пладневниот радиовесник што се емитува од понеделник до сабота во 15 и 30 часот, и едно издание Дневни новости, емитувано во недела (на 10 септември) во 14 часот. Вкупното времетраење на анализираните прилози во десетте изданија вести е 3 часа 53 минути и 28 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Македонско радио – Прв програмски сервис | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| Претседател на РМ | 00:05:24 | 2,32 | % |
| Влада на РМ | 01:00:03 | 25,72 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:23:34 | 10,09 | % |
| Граѓански сектор | 00:24:17 | 10,40 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:16:56 | 7,25 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:04:06 | 1,76 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:11:14 | 4,81 | % |
| Собрание на РМ | 00:13:25 | 5,74 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:16:28 | 7,05 | % |
| Други субјекти | 00:32:18 | 13,83 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:44 | 0,74 | % |
| Собрание (Беса) | 00:01:45 | 0,75 | % |
| СДСМ | 00:03:23 | 1,45 | % |
| ДИК и други органи | 00:09:35 | 4,10 | % |
| Без субјекти | 00:03:02 | 1,30 | % |
| Судство | 00:01:36 | 0,69 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:18 | 0,56 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:19 | 1,42 | % |
| | **Вкупно: 03:53:28** | 100 | % |

Тематски гледано, во овој извештаен период може да се рече дека преовладуваат информациите поврзани со три теми во вестите на Првиот програмски сервис на Македонското радио: Прославата на Денот на независноста – 8 септември, Работата на Собранието пред се преку собраниските расправи за Законот за употреба на јазиците и интерпелациите поднесени за неколку министри, и информациите поврзани со кандидатските листи за претстојните локални избори.

Владата и во овој извештаен период временски е најзастапена во вестите, заземајќи нешто повеќе од една четвртина (1 час) од вкупното време на анализираните прилози (3 часа 53 минути и 28 секунди). Како носител на активностите поврзани со одбележувањето на празникот 8 септември – Денот на независноста на Македонија, Владата се наоѓа во централна улога во прилозите посветени на таа тема. Медиумот информира за подготвителните активности, како и за самите настани на одбележувањето од централната прослава пред Владата. Во врска со одбележувањето на празникот, медиумот информира и за пропратните манифестации кои се организираат (доделување награди на успешни спортисти од страна

на Агенцијата за млади и спорт, планинарски марш по повод празникот, прием во македонската амбасада во Белград, свечен собир во Небрегово – родното место на Блаже Конески), упатените пораки од странските политичари.

Кон застапеноста на Владата како субјект во вестите на Првиот програмски сервис на Македонското радио придонесуваат и информациите за средбите на владините со странските претставници. Медиумот извести за посетата на босанскиот министер за комуникација и транспорт, за средбата на министерката за одбрана Радмила Шеќеринска со командантот на Националната гарда од Вермонт – САД, средбата на премиерот Зоран Заев со шефицата на Меѓународниот монетарен фонд за Македонија. Дел од информациите поврзани со Владата, беа прилозите поврзани со учеството на владини претставници на неколку конференции одржани во Скопје (за европскиот пат на Македонија во организација на фондацијата „Конрад Аденауер", за одвојувањето на државата од политичките партии во организација на граѓанската асоцијација „Мост", слабите резултати на учениците на тестирањето ПИСА во организација на „Фајнанс тинк", за прифаќањето на лицата со попреченост од страна на општеството во организација на Канцеларијата на УНИЦЕФ), но и за присуство на настани во странство (учество на министерот Никола Димитров на состанок на министрите за надворешни работи од земјите членки на ЕУ и земјите кандидатки во Талин, учество на министерот аз внатрешни работи Оливер Спасовски на конференција на ресорните министри во Брдо).

Поврзани со застапеноста на Владата се и прилозите за отчетите на министрите за транспорт и врски и за образование во првите 100 дена Влада, како и прилозите од економската и социјалната сфера: промоција на Стратегијата за рамномерен регионален развој на Македонија, усвојувањето на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и мерки за пазарот на трудот, информациите за изградбата на експресниот пат Градско-Прилеп, измените во законите за социјална заштита и заштита на деца, реализацијата на првиот дел од владиниот план „3-6-9", објавувањето пакет мерки наменети за домашните и странските компании, декласификацијата на договорите склучени од претходната Влада со странските фирми и др.

Темите поврзани со собраниските расправи (пред се за Законот за употреба на јазиците и интерпелациите на неколку министри) зафаќаат значителен дел од анализираните вести на радиото. Тоа се гледа и преку вкупното време одвоено за субјектите кои се дел од еден субјект – Собрание на РМ (Собрание (Коалиција СДСМ), Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ), Собрание (ДУИ), Собрание Беса), Собрание), методолошки во анализата кодирани поименично со цел да се согледа внатрепартиската дебата за прашањата на дискусија. Одвоеното време за собраниските активности (вкупно 32 минути и 14 секунди), заедно со времето на субјектите кодирани како „други субјекти" (32 минути и 18 секунди), ги чини овие два субјекта второзастапени во анализираните прилози на Првиот програмски сервис на Македонското радио.

Третозастапени со приближно еднаква процентуална застапеност се јавуваат претставниците на граѓанскиот сектор и странските претставници. Медиумот извести за: залагањата за родова еднаквост на кандидатските листи за претстојните избори на Платформата за родова еднаквост, промоцијата на публикација на Коалицијата "Сега" наменета за младите лица и можностите за вработување, барањата за зголемување на платите во јавниот сектор на Конфедерацијата на слободни синдикати, струшката музичка есен во организација на Сојузот на композитори на Македонија, хуманитарниот хепенинг на невладината „Мрдни со прст" за собирање средства наменети за купување училишен прибор за деца од социјално загрозени семејства, барањата на синдикатот на УПОЗ за подобрување на условите за работа на вработените во македонските затвори и др.

Средбите на македонските политичари (изнесени во образложението за застапеноста на Владата) со странските претставници придонесуваат за застапеноста на субјектот методолошки кодиран како Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| Македонско радио – Прв програмски сервис | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Претседател на РМ | 00:01:33 | 2,26 % |
| Влада на РМ | 00:22:41 | 33,03 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:24 | 9,32 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:08:12 | 11,94 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:17 | 4,78 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:50 | 9,95 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:41 | 3,91 | % |
| Други субјекти | 00:08:41 | 12,65 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:00 | 8,74 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:26 | 0,63 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:12 | 1,75 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:10 | 0,24 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:33 | 0,80 | % |
| | **Вкупно: 01:08:40** | 100 | % |

Временски и тука најзастапен субјект, како и во претходните извештајни периоди, е Владата заземајќи една третина (22 минути и 41 секунда) од вкупното време на емитуваните директни обраќања во анализираните прилози (1 час 8 минути и 40 секунди). Следуваат: политичката партија ВМРО ДПМНЕ (што се должи на информациите од прес конференциите на партијата со реакции на владините активности), други субјекти, Собрание (коалиција ВМРО ДПМНЕ) – што се должи пред се на собраниските дискусии поврзани со Законот за употреба на јазиците и на интерпелациите за работата на одредени министри, каде како главни дискутанти во расправите се појавуваат пратеници на наведената коалиција, претставниците на граѓанскиот сектор итн.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Друга информативна програма</u>*

Двочасовниот информативен појас насловен „Актуелно", што се емитува секој работен ден на програмата на Првиот програмски сервис на Македонското радио, во себе ги содржи осврните на настаните коишто го одбележале денот, пренесени во рубриката „Тема на денот", и кадешто најчесто вниманието е на главните два-три настана пренесени и во изданието на Пладневниот радиовесник.

Во овој извештаен период во рамки на „Тема на денот" поопширно беше информирано од неколку општествено-политички настани релевантни за анализата: конференцијата на тема „Одвојување на државата од политичките партии" во организација на Граѓанската асоцијација „Мост" со пренесени парчиња од излагањето на премиерот Зоран Заев, одбележувањето на Денот на независноста – 8 септември, отчетот на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски за првите 100 дена од раководењето со МВР, за промовирањето на пакетот мерки наменети за домашните и странските компании – со пренесени делови од прес-конференцијата на владиниот портпарол, презентацијата на владината програма со пренесени делови од обраќањата на премиерот Зоран Заев и вицепремиерот за економски прашања, Кочо Анѓушев.

Покрај рубриката „Тема на денот", информативниот појас „Актуелно" содржи и програмски блок во којшто се емитуваат разговори или тонски парчиња со соговорници на актуелни теми од општествено-политичкиот живот. Така, во анализираниот извештаен период (од 6 до 15 септември) се емитувани разговори со: Борис Тунџев, директор на Агенцијата за катастар и недвижности, во врска со намалените цени на услугите во Катастарот и планираните проекти; Димитар Пандев, универзитетски професор, во врска со денот на независноста и неговото дело посветено на Св Климент Охридски; д-р Славчо Ковилоски од Институтот за македонски јазик; Евтим Пејовски, директор во средното електротехничко училиште „Михајло Пупин" во врска со тоа какво средно стручно образование ни е потребно во иднина; Ване Николов, градежен инженер, во врска со исплатливоста од инвестирањето во ветерници и искористувањето на обновливите извори на енергија

На 7 септември, медиумот директно се вклучи во прославата на Денот на независноста што се одржа во Скопје, при што беше пренесен говорот на премиерот Зоран Заев.

## МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

### *Дневно-информативни емисии*

Анализирани се десет изданија од централните вести што секојдневно се емитуваат во 16 часот. Со анализата е опфатен периодот од 6 до 15 септември, а вкупното времетраење на анализираните прилози е 2 часа 16 минути и 57 секунди. Застапени се претежно информативните новинарски жанрови: вест, вест во низа, извештај.

Расправите во Собранието за Предлог-законот за употреба на јазиците, може да се рече е темата што, како и кај поголемиот број медиуми, е позастапена во вестите на Програмата на албански јазик при Македонското радио во четвртиот извештаен период. Медиумот редовно информираше за собраниските расправи (во рамки на комисиите и од пленарната седница) во врска со Предлог-законот, пренесувајќи ги ставовите на парламентарните партии и коалиции по ова прашање искажани од собраниските говорници. Во врска со Предлог-законот, Програмата на албански јазик во два наврата ги презентираше ставовите по ова прашање на правниот експерт, професорот по Уставно право, Осман Кадриу и на Македонската академија на науките и уметностите. Радиото извести и за протестите пред Собранието организирани од граѓански здруженија против усвојувањето на Законот.

Втората тема за којашто е одвоен позначителен обем се претстојните Локални избори. Медиумот информираше за партиските комбинаторики за листите со кандидати за градоначалници, информирајќи за најголемите политички партии од македонскиот и од албанскиот политички блок. Редовно ги пренесуваше информациите што доаѓаат од Државната изборна комисија во врска со роковите за доставување на листите од страна на политичките субјекти и роковите за увид во избирачкиот список. Ги пренесе и пораките од Владата за организирање фер и демократски избори и апелите за гласање без притисоци. Извести и за подготвителните активности на ОБСЕ/ОДИХР и меѓународниот фактор во следењето на изборниот процес.

Гледано според поединечното време одвоено за субјектите во прилозите на Програмата на албански јазик при Македонското радио, Владата и натаму е најзастапена и за неа е одвоено нешто повеќе од една петтина (29 минути и 16 секунди) од времето на анализираните прилози (2 часа 16 минути и 57 секунди). Медиумот извести за неколкуте средби на владините претставници: средба на премиерот Зоран Заев со јапонскиот министер за надворешни работи, на министерката за одбрана Радмила Шеќеринска со командантот на Националната гарда од Вермонт – САД, учеството на министерот Никола Димитров на конференција на министрите за надворешни работи на ЕУ во Талин, работната посета на министерот за здравство на Будимпешта, учеството на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски на конференцијата на министри од Процесот Брдо, средбата на македонскиот министер за надворешни работи со британскиот министер за Европа. Телевизијата емитуваше прилози поврзани со активностите на Владата и нејзините претставници кои спаѓаат во доменот на економско-социјалната сфера: усвоените пакет мерки за вработување, отворањето на гинеколошка амбуланта во населбата Шуто Оризари, реализацијата на владиниот план „3-6-9", за потрошените средства на претходната Влада за субвенционирање на странските компании, промоцијата на владиниот пакет мерки за економски раст, за обезбедените средства и усвоените активни мерки за вработување млади лица. Владата се јавува како субјект и во информациите поврзани со одбележувањето на Денот на независноста – 8 септември, отчетот за сработеното на министерот за внатрешни работи во првите 100 дена од преземањето на функцијата, поднесената кривична пријава за поранешниот министер за транспорт и врски, Миле Јанакиески и др.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Македонско радио – Програма на албански јазик | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Влада на РМ | 00:29:16 | 21,37 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:53 | 8,68 % |
| Граѓански сектор | 00:07:32 | 5,50 % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:01:02 | 0,75 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:05:42 | 4,17 % |

| | | |
|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:12:47 | 9,33 % |
| Беса | 00:01:18 | 0,95 % |
| Други субјекти | 00:22:55 | 16,74 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:32 | 3,31 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:04 | 1,51 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:41 | 0,50 % |
| Собрание (Беса) | 00:00:41 | 0,50 % |
| Без субјекти | 00:02:52 | 2,10 % |
| Судство | 00:03:01 | 2,21 % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:54 | 6,50 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:03 | 2,96 % |
| ДИК и други органи | 00:09:23 | 6,86 % |
| ДПА-ДР | 00:00:55 | 0,67 % |
| СДСМ | 00:03:33 | 2,59 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:52 | 2,09 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:32 | 0,39 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:28 | 0,34 % |
| | **Вкупно: 02:16:57** | 100 % |

Значително време е одвоено за субјектите методолошки кодирани како „други субјекти": Народен правобранител, адвокати, Стопанска комора на северозападна Македонија, Македонска академија на науките и уметностите, универзитети и др.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| Македонско радио – Програма на албански јазик | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Влада на РМ | 00:04:02 | 15,25 % |
| Граѓански сектор | 00:00:39 | 2,46 % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:21 | 1,32 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:56 | 7,31 % |
| Собрание на РМ | 00:03:02 | 11,47 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:46 | 2,90 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:21 | 1,32 % |
| Собрание (Беса) | 00:00:23 | 1,45 % |
| Други субјекти | 00:06:35 | 24,89 % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:37 | 17,45 % |
| ДИК и други органи | 00:01:03 | 3,97 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:47 | 2,96 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:54 | 3,40 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:01 | 3,84 % |
| | **Вкупно: 00:26:27** | 100 % |

Емитуван е мал обем директни обраќања на субјектите, во вкупно времетраење од 26 минути и 27 секунди. Една четвртина од тоа време е одвоено за директните обраќања на „другите субјекти" (6 минути и 35 секунди).

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

Емитувани се два разговора во рамки на емисијата „Отворен микрофон". Во првото издание на емисијата, гостин беше Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура, а се разговараше за планираните активности на Министертвото и за положбата на албанските уметници.

Во другото издание на емисијата емитувано во рамки на извештајниот период, е реализиран разговор со портпаролката на Државната изборна комисија, Аријета Џемаили. Тема беа подготовките на ДИК за претстојните Локални избори, поднесените листи со кандидати од политичките партии.

## ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА

### Терестријални телевизии

## ТВ АЛСАТ-М

***Дневно-информативни емисии***

Во периодот од 6 до 15 септември 2017 година, опфатени се вкупно 3 часа 54 минути и 40 секунди информативно време од ТВ Дневникот емитуван во 19 часот. Од распишувањето на локалните избори, ТВ Алсат-М во континуитет известува (вести/во низа и извештаи) за случувањата поврзани со изборниот процес, но, поради наближувањата на роковите за поднесување на официјалните градоначалнички кандидатури и навлегувањето во процесот на официјалната изборна кампања, Телевизијата сè почесто го анализираше изборниот процес (преку изјави и интервјуа со правно-политиколошки и со комуникациски експерти), така што ја преиспитуваше релевантноста / комплементарноста на одредени теми што, помалку-повеќе - изнудено (честопати поради политички маркетинг) се поврзуваа(т) со мрежата на неговата основна содржина и функција. На пример, се анализираше дали се досегашните (пред)изборни политички пораки упатени кон гласачкото тело, посоодветни за парламентарни или за локални избори, односно – дали е етички партиите да кандидираат за градоначалници лица што веќе се пратеници, или, пак, имаат некаква тековна државна функција. Предвид беа земени и пре-повторените, повеќегодишни, забелешки и сугестии на одредени невладини организации што го следат изборниот процес, во врска со (не)прочистеноста на единствениот Избирачки список, односно со нужноста да се одвои партиското влијание од ингеренциите на Владата. Во поширок контекст, но сепак суштински поврзани со перцепцијата на партиските понуди во текот на изборната кампања, Телевизијата ги обработи и зачестените иницијативи за т.н. „референдуми против мигранти", што како одлука на неколку совети на локалните самоуправи, веќе стануваат реален, иако контроверзен, општествен процес. Информативната редакција продолжи со практиката секојдневно да ги следи и да им дава јавност на конкретни локални проблеми и потреби, проследувајќи ги овие теми во повеќе општествени сфери (патна и канализациска инфраструктура; руинирани училишни објекти и проблематични учебни содржини; приватни судски спорови со државата или со локалната самоуправа; решенија од тековни судски постапки и реконструкција на сложени судски случаи).

Со ваков новинарски пристап, на гледачот му се нуди платформа за критичко промислување на секојдневните информации поврзани со започнатиот изборен процес – новите коалициски комбинаторики, меѓупартиските отстапки/договори за начинот по кој ќе се води кампањата во одредени единици на локалната самоуправа, официјалните објави на кандидатурите, редовната организациска работа на Министерството за внатрешни работи и на Државната изборна комисија, како и најавите за меѓународниот мониторинг што ќе го спроведува мисијата на ОБСЕ/ОДИХР.

Баланс помеѓу информативниот и аналитичкиот новинарски пристап беше постигнат и во однос на – стоте работни дена од новата македонска Влада, една од најзначајните медиумски теми воопшто, во овој календарски период. Телевизијата преку исцрпни извештаи ги проследи „отчетните" прес-конференции на Владата, односно на некои одделни министерства, но редовно бараше став и од непосредно засегнатите општествени групи – најчесто од стопанските комори, или од економски експерти. Истите полиња на општествен интерес најдоа свое медиумско место и во извештаите за ревизиите што Владата ги направила за тоа - како претходното државно извршно раководство ги трошело буџетските пари, но Телевизијата известуваше и за поднесените интерпелации против одредени министри, како и за контроверзите во врска со фирмата „Фероинвест", во сопственост на вицепремиерот Анѓушев, произлезени од нејзиното учество на тендери што ги распишува државата. Во новинарските извештаи за супстандардните услови на затворот Идризово, покрај официјалното гледиште на Владата, искажано од премиерот Заев, потенцирано беше и гледиштето на граѓанските здруженија и на Народниот правобранител. На крајот од календарскиот период опфатен со анализата – од 6 до 15 септември 2017 година, како комплементарни по содржина беа обработени - извештајот на ЕУ-експертската група предводена од Рајнхард Прибе, со остри оценки за застојот на реформите посебно во правосудството, и шестмесечниот извештај за работата на Специјалното јавно обвинителство.

Од работата на Собранието на Република Македонија (статистички поделена и бележена по ставките за поединечните партиски активности во Законодавниот дом), за издвојување се опширните извештаи од расправите по повод предлог-законот за употребата на јазиците, потоа проследени и со експертски анализи за можните, последователни општествено-политички ситуации. Во два соодносни прилога, пак, ТВ Алсат-М, врз основа на информации од анонимни извори, направи детална антиципација за реформите во Управата за безбедност и контраразузнавање. Компаративен осврт беше посочен и во врска со извештаите од поразителните резултати на македонските ученици по меѓународното истражување на знаењето – ПИСА.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:46 | 5,44 | % |
| СДСМ | 00:07:11 | 3,06 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:11 | 3,06 | % |
| Беса | 00:04:43 | 2,01 | % |
| ДПА-ДР | 00:04:43 | 2,01 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:07:09 | 3,05 | % |
| Граѓански сектор | 00:13:01 | 5,55 | % |
| Влада на РМ | 00:46:42 | 19,90 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:24 | 4,01 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:23:52 | 10,17 | % |
| Собрание (Беса) | 00:01:55 | 0,82 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:08:24 | 3,58 | % |
| Собрание на РМ | 00:06:56 | 2,95 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:05:12 | 2,22 | % |
| Други субјекти | 00:28:59 | 12,35 | % |
| Без субјекти | 00:10:15 | 4,37 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:07:14 | 3,08 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:07 | 0,48 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:02:27 | 1,05 | % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:49 | 0,35 | % |
| Независни кандидати | 00:00:31 | 0,22 | % |
| Судство | 00:07:02 | 2,99 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:05 | 2,59 | % |
| ДИК и други органи | 00:06:55 | 2,95 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:25 | 0,60 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:45 | 0,32 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:56 | 0,40 | % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:20 | 0,14 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:20 | 0,14 | % |
| Движење за национално единство на Турците – ДНЕТ | 00:00:20 | 0,14 | % |
| | **Вкупно: 03:54:40** | **100** | % |

Во статистичкиот, табеларен приказ за погоренаведениот опис на новинарскиот десетдневен интерес, предничат информативните минутажи за Владата – безмалку 47 минути, а потоа за – споменатите експертски анализи/ставови/претпоставки – речиси 24 минути, но и близу получасовната минутажа за ставката – „други субјекти", која како извори на информации вклучи (не)формални претставници на различни општествени дејности: екс-министри; екс-пратеници; медицински персонал; независни регулаторни тела; лица опфатени / ангажирани во судски процеси; Народниот правобранител; странски и домашни стопанственици; наставно-научен кадар; коментарите / осврти на ТВ Алсат-М.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Алсат-М | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:40 | 7,31 % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:44 | 18,38 % |
| Влада на РМ | 00:11:26 | 17,91 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:04 | 3,24 % |
| Собрание (Беса) | 00:01:40 | 2,61 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:05:16 | 8,25 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:23 | 0,60 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:02 | 4,75 % |
| Други субјекти | 00:07:33 | 11,82 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:02:24 | 3,76 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:35 | 2,48 % |
| Беса | 00:01:04 | 1,67 % |
| СДСМ | 00:01:07 | 1,75 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:53 | 2,95 % |
| Граѓански сектор | 00:04:16 | 6,68 % |
| ДПА-ДР | 00:00:16 | 0,42 % |
| ДИК и други органи | 00:01:01 | 1,59 % |
| Локална самоуправа | 00:00:22 | 0,57 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:33 | 2,43 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:32 | 0,84 % |
| | **Вкупно: 01:03:51** | **100 %** |

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

Во актуелно-информативната емисија насловена „200", темата за дебата беше Предлог-законот за употреба на јазиците, а дебатираа: Илија Димовски, претставник на опозициската ВМРО-ДПМНЕ, Бујар Османи, како претставник на ДУИ која е дел од т.н. „владејачко мнозинство", и професорката, македонистка д-р Симона Груевска-Маџовска.

По стоте дена од работата на новата Влада, мерките што досега ги презема на економски план беа предмет на дебатата во емисијата „Економски магазин", а ставови соочија: универзитетскиот професор д-р Марјан Петрески, потоа Андреа Серафимовски, претседател на Здружението за градежништво во Стопанската комора на Република Македонија, и Горан Антевски, стопанственик и коментатор на тековните економски состојби.

Актуелно-информативната емисија „Попладне", ја постави темата за потребите од реформи во македонскиот образовен систем, а гостуваа - Авзи Мустафа, професор, и Сафет Незири, советник во Министерството за образование и наука.

На тема – „Која е визијата на албанските политички партии за локалната власт?", во емисијата „Патот кон...", дебатираа - Џемаил Елмази од ДУИ, Фадил Зендели од БЕСА, и Елми Азири од ДПА-ДР (Алијанса за Албанците). Како поважни поттеми за дебатата се издвоија: - Какви општини ќе имаме, како се проектирани во предизборните програми?; - Поставеноста на кампањата за локални избори; - Има ли корупција во општините раководени од ДУИ?

Темата за претстојните локални избори - сегментирана во поттемите: со какви почетни позиции влегуваат политичките партии и кандидатите и каков исход може да се очекува; дали Груевски од главен промотор станува главна сопирачка на ВМРО ДПМНЕ; што значи најавената „делумна соработка" помеѓу ДУИ и СДСМ уште во првиот изборен круг, и - каква слика треба да се очекува во општините со доминантно албанско население, со оглед на расцепканоста на гласачкото тело - во издание на емисијата „360

Степени" за дебата беше поставена пред: Имер Селмани, поранешен градоначалник и вицепремиер, Лефкија Гажовска, поранешна градоначалничка на Крушево и активист на ЗЕЛС, и универзитетската професорка Ана Чупевска.

*Актуелно-информативни емисии*

Едночасовното издание на актуелно-информативната емисија „360 Степени", преку документаристички пристап изведен низ различни новинарски жанрови, за примарна тема ги имаше сложените аспекти на изборниот процес: коментар за (не)прочистеноста на Избирачкиот список; официјалните ставови (изјави) на Државната изборна комисија, но и интервјуата: со Дарко Алексов, директор на невладината организација „Мост", и со директорите на НДИ - Националниот демократски институт за Република Македонија - Крис Креншо и Роберт Скот. Интервјуто со Чарлс Гарет, амбасадорот на Велика Британија, за тема ги имаше - стоте работни дена на новата македонска Влада, политичките постапки и состојби по т.н. „Договор од Пржино", како и постојната меѓународна позиција на Репубика Македонија. Преку ТВ-статија, новинарскиот интерес во ова издание на „360 Степени" ја анализираше економската кострукција на новата зграда на Македонската филхармонија.

## ТВ АЛФА

***Дневно-информативни емисии***

Во четвртиот десетдневен извештен период (од 6 до 15 септември), опфатени се исто толку изданија од централната дневно-информативна емисија на ТВ Алфа емитувана секојдневно во 17 часот и 30 минути. Вкупното времетраење на анализираните прилози во десетдневниот период е 4 часа 27 минути и 37 секунди, обработени низ основните жанровски форми на извештаи и вести, коментаторски извештаи. Емитувани се и новинарски осврти.

Според отстапениот простор во прилозите од вестите, доминантно време и во овој четврти по ред извештаен период е одвоен за ВМРО ДПМНЕ (1 час 10 минути и 31 секунда), или нешто повеќе од една четвртина од вкупното време на вестите. Во ова време не влегува одвоениот простор за пренесување на политичките ставови на партијата во рамки на Собранието (Собрание Коалиција ВМРО ДПМНЕ) коешто е 10 минути и 53 секунди. Голем дел од ова време произлегува и натаму од креираните псевдонастани кои резултираат со псевдовести. Продолжува практиката на медиумот во рамки на едно исто издание на вести трансмисиски да пренесува и по неколку прес-конференции/изјави од ВМРО ДПМНЕ или нејзините ставови да бидат единствени пренесени во дел од прилозите по одредени теми. Разликата во одвоеното време со другите политички субјекти е толку голема што искажаните забелешки во претходните извештајни периоди, за непочитување на професионалното начело за еднаков третман на различните гледишта и мислења од страна на телевизијата, се однесуваат и за овој четврти по ред извештаен период.

Беа емитувани два прилога во коишто лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски, е во посета на Куманово и населеното место Волково, општина Ѓорче Петров, со цел да оствари увид на работите започнати од времето на владеењето на партијата. Во вториот прилог евидентно е присуството и на градоначалниците на општина Ѓорче Петров, Сокол Митревски и на Град Скопје, Коце Трајановски, со што се замаглува дистинкцијата помеѓу партијата и локалната власт.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Политички субјект | ТВ Алфа | | |
|---|---|---|---|
| | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:49:20 | 18,43 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:44 | 3,64 | % |
| Влада на РМ | 00:40:19 | 15,07 | % |
| Граѓански сектор | 00:21:03 | 7,87 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 01:10:31 | 26,35 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:10:53 | 4,07 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:19 | 1,24 | % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:52 | 0,33 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:13 | 1,58 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:37 | 2,47 | % |
| Без субјекти | 00:12:18 | 4,59 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:23 | 1,26 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:11 | 0,44 | % |
| ДИК и други органи | 00:05:57 | 2,23 | % |
| Собрание на РМ | 00:03:32 | 1,32 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:58 | 2,23 | % |
| СДСМ | 00:03:59 | 1,49 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:42 | 0,26 | % |
| Левица | 00:02:15 | 0,84 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:25 | 0,53 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:33 | 1,33 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:26 | 0,16 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:46 | 0,66 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:54 | 0,34 | % |
| Локална самоуправа (ЛДП) | 00:01:09 | 0,43 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:47 | 0,29 | % |
| Беса | 00:01:31 | 0,57 | % |
| | **Вкупно: 04:27:37** | 100 | % |

Според временската присутност во вестите на ТВ Алфа, следуваат субјектите кодирани како „други субјекти“ (49 минути и 20 секунди), кадешто во овој извештаен период влегуваат: Народен правобранител, домашни и странски медиуми, Стопанска комора на Северозападна Македонија, Македонска православна црква, Државна комисија за спречување корупција, Македонска академија на науките и уметностите, Институтот „Павел Шатев“. Во анализираниот период беа емитувани четири прилози во коишто беа пренесени резултатите од испитувањата на јавното мислење спроведени од Институтот „Павел Шатев“ и коишто покажуваат дека граѓаните повеќе и веруваат на ВМРО ДПМНЕ во споредба со СДСМ. Во еден од прилозите („Две анкети во ист ден покажаа стабилно водство на ВМРО ДПМНЕ“), покрај резултатите од анкетата на Институтот „Павел Шатев“, беа емитувани и информации за спроведена анкета на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) кон крајот на јули, со слични резултати како анкетата на „Павел Шатев“. Не беше емитувана реакцијата од МЦМС дека таква анкета не била спроведена од нивна страна, што беше објавено на други медиуми. При емитувањето на четвртиот прилог посветен на анкетата на Институтот „Павел Шатев“ („Анкета на „Павел Шатев“: Заев не е добар, ВМРО ДПМНЕ убедливо ќе победи на локалните избори“), емитувана е реакција на политичката партија СДСМ дека анкетата на „Павел Шатев“ е лажна.

Владата, според одвоеното време во вестите на ТВ Алфа, е третозастапен субјект (40 минути и 19 секунди). Во ова време влегуваат прилозите поврзани со: владините ветувања дека ќе нема притисоци и злоупотреби од државата во изборни цели, реализацијата на владиниот план „3-6-9“, рамномерен регионален развој, отворање на гинеколошка амбуланта во населбата Шуто Оризари, прославата на Денот на независноста – 8 септември, работата на амбулантата во село Арачиново, информации од МНР во врска со тоа дали има македонски граѓани погодени од невремето во САД, отчетите на министрите за транспорт и врски Горан Сугарески и за внатрешни работи, Оливер Спасовски, во врска со изминувањето 100 дена од преземањето на функциите, улогата на вицепремиерот Анѓушев во фирмата „Фероинвест“ во која е сопственик итн.

Неколку теми преовладуваа во вестите на ТВ Алфа во овој извештаен период - најавите за напуштање на Македонија на странски инвеститори незадоволни од мерките на новата Влада, Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци, покачување на пензиите, случајот „Фероинвест“ – фирма во сопственост на вицепремиерот Кочо Анѓушев, Предлог-законот за употреба на јазиците.

Емитувани се серија прилози за најавите за преселување на својот капитал на странските инвеститори од Македонија во други земји. Медиумот неколку дена информираше дека еден странски инвеститор кој сакал да инвестира во нашата земја поради, како што наведува медиумот „игнорантскиот однос на новата Влада“ одлучил својата инвестиција да ја пренасочи во соседна Србија. Исто така, во овие прилози медиумот информира дека и првично три од постојните странски инвеститори, а подоцна уште нови три, најавиле дека својот капитал ќе го преселат во соседните земји и на таков начин илјадници вработени ќе останат без своите работни места. При тоа во ниту еден од овие прилози медиумот не дава податок кои се странските компании што најавиле заминување, а изворите на информации се посочени како „извори на Алфа“ или се повикува на објави на порталот „Курир“. Официјален став по ова прашање не е пренесен, а медиумот редовно ги пренесува ставовите на политичката партија ВМРО ДПМНЕ во рамки на овие прилози.

Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци продолжува да биде една од темите на коишто медиумот посветува значително време од вестите и во овој извештаен период. Се информира за тоа во кои општини веќе изгласале заедно со локалните избори да се спроведе и референдум со цел изјаснување на граѓаните дали се за прифаќање на мигранти или не на територијата каде живеат. Во еден од прилозите, кој е со негативен тон за Владата, пренесена е изјава од интервјуто на министерот за надворешни работи дадено за Дојче Веле („Владата и СДСМ тврдат дека нема да се примаат мигранти, Димитров во странство ветува отворени врати“), кадешто тој се изјаснува по прашањето на мигрантите и јасно укажува дека Македонија откако ќе стане членка на ЕУ ќе биде подготвена да ја сподели таа обврска со останатите земји членки на Унијата. Медиумот оваа негова изјава ја толкува како негација на тврдењата на премиерот и министерката дека нема да се градат кампови за бегалците на територијата на Македонија, односно дека Македонија е отворена да прими бегалци. Како поткрепа на тоа, во еден друг прилог посветен на истата тема дека ЕУ дава пари за обука на лица за правна помош на мигранти во Македонија („ЕУ дава силни пари за обука на лица за помош на мигранти во Македонија – чуму проекти за „вонземјани“ кои не постојат?“) медиумот ги пренесува ставовите на универзитетскиот професор Александар Даштевски дека приемот на мигранти е нешто што власта го има претходно договорено, како услов за забрзување на давање датум за преговори. Како дел од темата, во рамки на прилозите посветени на неа или преку посебни изјави се изнесени ставовите на ВМРО ДПМНЕ во врска со ова прашање.

Емитувани се неколку прилози посветени на покачувањето на пензиите на пензионерите: „Пензионерите револтирани бараат поголемо зголемување на пензиите“, „Пензионерите разочарани, ќе добијат само 1% покачување“, „Царовска не одговори на прашањето на Алфа за пензиите, пресот бил тематски“, во коишто во континуитет медиумот се повикува на исти податоци искажани од претседателот на Здружението на пензионери дека покачувањето на пензиите од страна на новата Влада е минимално и дека очекувале повеќе од неа и дека со минатогодишното покачување на пензиите од 600 денари успевале да ги покријат трошоците за сметки, лекови и храна, а сега стравуваат како ќе го истуркаат месецот. Медиумот во овие прилози континуирано ги повторува и податоците за зголемувањето на најниската пензија заклучно со 2016 година и зголемувањето на висината на просечната пензија до таа година. Во еден од прилозите емитувани се изјави на пензионерки како потврда дека пензиите се покачувале во времето на претходната Влада, а сегашната не ги покачува. Прилозите се надополнети и со ставовите по ова прашање на ВМРО ДПМНЕ, со што се гради негативен тон и рамка за Владата во нив.

Емитуваниот новинарски осврт „100 дена Влада – каде се ветувањата“ е со негативен тон за Владата. Прилогот се однесува за ветените, а неисполнети обврски на Владата во 100 те дена, засилен со експертското мислење на аналитичарот Александар Даштевски и пренесениот став на претседателот на ВМРО ДПМНЕ.

Таков е и случајот со прилогот „Соочени со слаби резултати, СДСМ стави се во погон за да се спаси од пораз на изборите“. Прилогот е со негативен тон и рамка за СДСМ, а се базира на информациите објавени во претходните денови, на спроведената анкета од Павел Шатев дека граѓаните не веруваат во политиките на СДСМ, и на тврдењата на ВМРО ДПМНЕ дека СДСМ планира да ја злоупотреби полицијата за изборни измами.

Емитувани се и повеќе прилози поврзани со фирмата „Фероинвест“ која е во сопственост на вицепремиерот Кочо Анѓушев, а во врска со учеството на фирмата на тендери коишто се распишани од фирми во државна сопственост, дел од нив обработени како извештаи со коментаторски елементи. Во десетдневниот период пренесени се и изјави на вицепремиерот, експерти коишто се занимаваат со областа, на Државната комисија за спречување на корупција, на премиерот, ЕЛЕМ. Емитувани се и изјави од политичката партија ВМРО ДПМНЕ.

Предлог-законот за употреба на јазиците е уште една од темите што беше позастапена во вестите на ТВ Алфа. Беше информирано од текот на собраниските расправи во врска со Законот.

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Алфа | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Експерти/аналитичари | 00:04:22 | 4,58 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:41:55 | 43,99 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:07:11 | 7,54 | % |
| Влада на РМ | 00:11:30 | 12,07 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:03 | 2,15 | % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:16 | 0,28 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:15 | 2,36 | % |
| Други субјекти | 00:12:29 | 13,10 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:28 | 2,59 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:36 | 5,88 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:27 | 0,47 | % |
| СДСМ | 00:00:36 | 0,63 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:49 | 0,86 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:31 | 0,54 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:33 | 0,58 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:11 | 1,24 | % |
| Локална самоуправа (ЛДП) | 00:00:19 | 0,33 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:20 | 0,35 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:26 | 0,45 | % |
| | **Вкупно: 01:35:17** | 100 | % |

Повеќе од две петтини (41 минута и 55 секунди) од вкупното време за директни обраќања (1 час 35 минути и 17 секунди) е одвоено за ВМРО ДПМНЕ. Ако кон ова време се додаде и времето одвоено за искажување на ставовите од собраниската говорница (во табелата кодирано како Собрание Коалиција ВМРО ДПМНЕ), коешто е 7 минути и 11 секунди, тогаш повеќе од половина од времето за директни обраќања е отстапено на политичкиот субјект ВМРО ДПМНЕ. Според одвоените времиња следуваат субјектите кодирани како „други субјекти“, Влада итн.

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Емитувани се три дебатни емисии во рамки на извештајниот период. Две во рамки на емисијата „Ѕид“ и една во рамки на „60 минути со Горан Момировски“.

Гости во првото издание на „Ѕид“ беа поранешната пратеничка Солза Грчева и новинарот Дарко Јаневски. Се дискутираше за повеќе прашања: 100 дена Влада, Законот за употреба на јазиците, Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци, претстојните локални избори. Дебатата беше еднаш репризирана.

Второто издание на емисијата „Ѕид“ беше со поранешната министерка за култура и актуелна пратеничка од редовите на ВМРО ДПМНЕ, Елизабета Канческа Милеска и ликовниот уметник и колумнист Александар Станковски. Теми на разговор беа Законот за употреба на јазиците, работата на Министерството за култура во претходната и во новата Влада.

Гости во програмата на ТВ Алфа во дебатната емисија „60 минути со Горан Момировски“ беа Јасмина Голубовска од НВО Легис, Сузана Салиу, заменик народен правобранител и Александар Колев,

претседател на Советот на општина Велес. Се дискутираше за тоа дали Македонија е во опасност од нова мигрантска криза и колку ова прашање од хумано и безбедносно се претвора во политичко прашање што може да ја дестабилизира Македонија.

***Други програми***

Во рамки на забавно-информативната програма „Алфа Скоп", во овој извештаен период, медиумот емитува по неколку информативни блокови со информации пласирани во изданијата вести емитувани претходниот ден или прилози со настани кои потоа се дел и од централните вести во тековниот ден.

## ТВ КАНАЛ 5

***Дневно-информативни емисии***

Анализата на новинарските прилози за актуелните внатрешнополитички теми, настани, случувања и состојби, емитувани во ТВ Дневникот од 18 часот, во периодот од 6 до 15 септември 2017 година, опфати вкупно ефективно искористено новинарско време од 5 часа 43 минути и 22 секунди.

Во овој период на анализата се покажа дека темпото, изборот на жанровите, односно – изразеното тежнение од информативни (вест/во низа и извештај) кон зачестена примена на аналитички жанрови (осврт / коментар), при осмислување на новинарските прилози, всушност го следи Роковникот за фазите на изборниот процес што Државната изборна комисија хронолошки го сегментира според одредбите од Изборниот законик. Со други зборови, покрај редовните секојдневни информации, ТВ Канал 5 ја обработи темата за „локалните избори" сè повеќе применувајќи аналитички пристап, бидејќи во овој период веќе созреа и времето за официјалните партиски кандидатури за градоначалници, се затвори увидот во единствениот Избирачки список, а се ближи и процесот за започнување на изборната кампања. Токму во овие насоки се движеа редакциските осврти и коментари, што ги земаа предвид и правно-политиколошките и комуникациските експертски ставови, објавени, на пример, под насловот: „Лидерите на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ со сериозни политички главоболки" (пред сè во смисла на предизборните комбинаторики за општините што беа означени како „клучни" за исходот на изборите – Општина Центар, Општина Кисела Вода, Град Скопје, Куманово, Охрид, Тетово), односно, преку дилемата, дали – „Политичките партии предвреме започнаа со изборната кампања". При анализите, предвид беа земени и најавените можни старо-нови коалиции во т.н. „албански политички блок" – ДУИ, ДПА и БЕСА.

Посебно издвоена, нагласена преку повеќедневни опширни, детални коментаторски обработки, беше темата за – политичките, економските и етичките контроверзи околу учеството на фирмата „Фероинвест", во сопственост на вицепремиерот Кочо Анѓушев, на тендери распишани од државата. Новинарски, пристапот зеде предвид низа релевантни димензии – од официјалните извори на информациите за распишаниот тендер, потоа ставовите на Анѓушев, па преку правни ставови на експерти и некогашни антикорупционери, сè до ставот на Државната комисија за спречување на корупцијата, и аналитичкото контекстуализирање на темата во рамките на Законот за спречување на корупцијата и ревизијата на повеќегодишното работење на Електростопанство на Македонија.

ТВ Канал 5 редовно, преку вести и извештаи ги следеше и официјалните, формални активности на Владата (Премиерот, министрите) во повеќе општествени и политички сфери (оттаму и процентуалната доминатност на статистиката за овој субјект на анализата), но, од стојалиште на - иницијалност, односно - поради последователноста на прилозите што ги поттикнаа, можат да се издвојат извештаите - од отчетот за работата во првите 100 дена и ревизијата на начинот по кој претходното владино раководство буџетски ги субвенционирало т.н. „странски инвестиции". За овие две теми ТВ Канал 5 прикажа и низа партиски, економски и граѓански реакции. При крајот од десетдневниот период на анализата – од 6 до 15 септември 2017 година, новинарското внимание, преку сличен пристап, се сврте кон шестмесечниот извештај од работата на Специјалното јавно обвинителство, и кон оценките за напредокот/застојот на Република Македонија во однос на владеењето на правото и општо кон спроведувањето на демократските реформи, нотирани во извештајот на ЕУ-експертската група предводена од Рајнхард Прибе. Сам по себе, пак, колку

поради впечатливоста на визуелниот материјал, толку и поради приказот на различните општествени гледишта, се издвои и извештајот за владино-граѓанскиот увид во супстандардните услови на КПД Идризово.

Од новинарските извештаи за расправите во Собранието, за издвојување се оние во врска со Предлог-законот за употребата на јазиците, при што Телевизијата излезе од дуалната полемичка зона помеѓу СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, пренесувајќи ги реакциите на низа други (дури и вонпарламентарни) партии, но и на Македонската академија на науките и уметностите, на Советот и на Институтот за македонски јазик. Ретроспективно, преку искази на некогашни и на актуелни политичари, беше проследена и 26-годишнината од прогласувањето независна Република Македонија, но беше отворено и прашањето за постојните билатерални односи со Република Србија, во контекст на претстојните преговори во ООН за членство на Република Косово во УНЕСКО и во Интерпол.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:07:25 | 2,16 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:05:18 | 1,54 | % |
| Влада на РМ | 01:27:03 | 25,35 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:27:28 | 8,00 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:20:28 | 5,96 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:33 | 5,11 | % |
| Без субјекти | 00:20:50 | 6,07 | % |
| СДСМ | 00:19:25 | 5,66 | % |
| Демократски сојуз | 00:02:24 | 0,70 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:49 | 0,24 | % |
| Беса | 00:03:37 | 1,05 | % |
| Претседател на РМ | 00:09:36 | 2,80 | % |
| Други субјекти | 00:55:33 | 16,18 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:16:24 | 4,78 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:46 | 1,97 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:10 | 2,09 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:57 | 0,86 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:52 | 0,25 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:00 | 0,29 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:05:36 | 1,63 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:40 | 0,48 | % |
| Собрание (Беса) | 00:01:04 | 0,31 | % |
| ДПА-ДР | 00:02:04 | 0,60 | % |
| Собрание на РМ | 00:07:59 | 2,33 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:32 | 0,45 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:40 | 0,49 | % |
| Независни кандидати | 00:01:11 | 0,34 | % |
| Судство | 00:01:28 | 0,43 | % |
| Специјално обвинителство | 00:05:21 | 1,56 | % |
| Левица | 00:00:14 | 0,07 | % |
| ТМОРО | 00:00:14 | 0,07 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:14 | 0,07 | % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:14 | 0,07 | % |
| Движење за национално единство на Турците – ДНЕТ | 00:00:14 | 0,07 | % |
| | **Вкупно: 05:43:22** | **100** | **%** |

За приказ на широкиот дијапазон општествени гласови и одгласи што ТВ Канал 5 во овој период на анализата ги прикажа по повод различни актуелни општествено-политички теми, настани и состојби,

говори и широкиот список субјекти опфатени под статистичката категорија – „други субјекти", ставка второзастапена во централното издание на ТВ Дневникот од 18 часот, веднаш по Владата на Република Македонија:

- независни регулаторни тела; учесници и организатори на културно-забавни манифестации (по повод 26-те години од независноста на државата; филмски и театарски фестивали); лица опфатени или ангажирани во судски процеси (јавно познати осуденици или обвинети; адвокати); проектни-менаџери (извршители на тековни владини проекти); екс-пратеници и екс-министри; лица наградени со државното признание „8 Септември"; маргинализирани, социјални случаи вклучени во (не)формален граѓански процес на ресоцијализација; претставници на домашниот и на странскиот бизнис-сектор; претставници на стопанските комори и на други еснафски здруженија; Народниот правобранител; МАНУ; институти и агенции за испитување на јавното мислење; претставници на македонската академска заедница и универзитетите (по повод почетокот на академската учебна година), но и самиот медиум ТВ Канал 5, преку споменатите коментари и осврти.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Канал 5 | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:28 | 3,17 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:23 | 3,09 % |
| Влада на РМ | 00:29:48 | 27,24 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:40 | 9,75 % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:09 | 9,28 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:56 | 7,25 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:34 | 0,52 % |
| Беса | 00:00:28 | 0,43 % |
| Претседател на РМ | 00:01:05 | 0,99 % |
| Други субјекти | 00:17:33 | 16,04 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:03 | 3,70 % |
| Граѓански сектор | 00:03:29 | 3,18 % |
| ДИК и други органи | 00:03:35 | 3,28 % |
| Локална самоуправа | 00:00:40 | 0,61 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:03:35 | 3,28 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:56 | 0,85 % |
| Собрание (Беса) | 00:00:35 | 0,53 % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:22 | 1,25 % |
| Собрание на РМ | 00:01:56 | 1,77 % |
| Независни кандидати | 00:00:39 | 0,59 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:19 | 0,29 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:17 | 0,26 % |
| СДСМ | 00:01:46 | 1,62 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:07 | 1,02 % |
| | **Вкупно: 01:49:23** | **100 %** |

***<u>Други програми</u>***

Отвореното студио на емисијата „Здраво Македонијо", во периодот од 6 до 15 септември 2017 година беше искористено за критичкиот глас на пошироката македонска јавност во однос на следниве актуелни општествено-политички теми:

- *Нови услуги на Катастарот;*
- *100 дена Влада;*
- *Дали во Македонија треба да се направи споредба на квалитетот на храната во однос на држави од ЕУ?*
- *Каков одзив очекувате на локалните избори?*
- *Колку го почитуваме и колку ни значи – „8 Септември", празникот на независната македонска држава?*
- *Како ги оценувате најавените реформи на системот на социјалната заштита?*
- *Прочистен ли е Избирачкиот список?*
- *Резултатите од ПИСА, меѓународната програма за проценка на училишното знаење;*
- *Како ги оценувате реформите во правосудниот систем?*
- *Треба ли да се зголеми породилното отсуство?*
- *Станува ли Македонија преферирана туристичка дестинација?*
- *Што мислите за набљудувачката мисија на ОБСЕ - ОДИХР за претстојните локални избори?*
- *Како треба да изгледа прописно облечен административен службеник?*
- *Дали се претстојните локални избори можеби досега најбитни за граѓаните и за државата?*

## ТВ СИТЕЛ

### *Дневно-информативни емисии*

Вкупно 4 часа 31 минута и 47 секунди од прилозите во Дневникот во 19 часот на ТВ Сител (10 изданија) и во Бизнис вестите (осум изданија во работните денови), беа анализирани во периодот од 6 до 15 септември, на кој се однесува четвртиот извештаен период. Жанровски, станува збор за извештаи, изјави, соопштенија, вести, коментари и осврти (22 минути и 17 секунди), интервју со Ѓорѓија Атанасовски - жител на Флорида во врска со ураганот „Ирма".

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 01:02:43 | 23,08 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:18:33 | 6,83 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:26:34 | 9,77 | % |
| СДСМ | 00:12:30 | 4,60 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:06:05 | 2,24 | % |
| Други субјекти | 00:43:34 | 16,03 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:21 | 6,38 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:03:15 | 1,19 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:09:42 | 3,57 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:23 | 4,56 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:57 | 1,45 | % |
| Без субјекти | 00:11:52 | 4,37 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:55 | 4,38 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:54 | 0,33 | % |
| Собрание на РМ | 00:05:48 | 2,14 | % |
| ДИК и други органи | 00:08:41 | 3,19 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:56 | 1,45 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:20 | 0,12 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПА-ДР | 00:02:19 | 0,86 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:03 | 1,49 | % |
| Беса | 00:01:05 | 0,40 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:16 | 0,47 | % |
| Локална самоуправа (ЛДП) | 00:00:50 | 0,31 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:39 | 0,24 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:59 | 0,36 | % |
| ТМРО | 00:00:16 | 0,10 | % |
| Левица | 00:00:16 | 0,10 | % |
| | **Вкупно: 04:31:47** | **100** | **%** |

Најмногу време во Дневникот (нешто повеќе од 1 час) има добиено Владата, која овој пат беше поактивна на домашен терен, односно се известуваше за: отворањето гинеколошка амбуланта во Шуто Оризари каде долги години немаше гинеколог (при што акцент беше ставен на тоа дека докторката не зборува македонски јазик и во комуникацијата ќе и помага медицинската сестра), потребата од рамномерен регионален развој во државата, изработката на апликација за пријавување дефекти на патната инфраструктура, отворањето Амбасада на Царството Јапонија, средбите со министерот за надворешни работи на Јапонија, обезбедувањето финансии за довршување патни правци, посетата на премиерот Зоран Заев на затворот во Идризово, неговата средба со евроамбасадорот Самуел Жбогар, повлекувањето учебници поради дискриминаторски содржини, средбата на министерката за одбрана Радмила Шеќеринска и генерал-мајор Стивен Креј, командант на националната гарда на Вермонт, договорот за заемното признавање на возачките дозволи меѓу Македонија и БиХ, откривањето на податоците за тоа колку претходната власт ги субвенционирала странските компании, програмата на Владата за економски развој за компаниите, објавувањето на вториот Извештај на експертската мисија предводена од Рајнхард Прибе и реакциите на Владата, повикот на премиерот Заев до граѓаните да излезат на гласање – даден по повод Денот на демократијата, активностите за намалување на неформалната економија и воведување минимална плата, информациите од МВР за црна хроника, а во времето на налетот на ураганот „Ирма", редовно беа пренесувани информации од Амбасадата на Македонија во САД во врска со безбедноста на Македонците кои живеат на Флорида.

ТВ Сител информираше за развојот на настаните во врска со учеството на „Фероинвест" (компанијата во сопственост на министерот Кочо Анѓушев) на тендер на ЕЛЕМ, при што беа пренесени позициите на управителот на компанијата, на ДКСК, на премиерот Зоран Заев, ВМРО ДПМНЕ, ГРОМ, ЕЛЕМ, беше известено и дека тендерот се поништува, а „Фероинвест" објавил оти претрпел штета поради тврдењата дека веќе го добила тендерот.

Во Бизнис вестите беше известувано за сите теми од економијата, вклучувајќи ги и политиките/мерките на Владата, при што беа пренесувани ставовите на експертите, синдикатите, стопанските комори и критиките од опозициската ВМРО ДПМНЕ.

По повод 26-годишнината од независноста на Република Македонија, во *„26 години самостојна и суверена Република Македонија"* (3 минути и 24 секунди) беше направена ретроспектива на повеќе историски настани, беа пренесени и честитките од државниот врв и од државниот секретар на САД, имаше извештај за доделувањето на наградата „8 Септември" од Агенцијата за млади и спорт итн.

Втора по временска застапеност е ВМРО ДПМНЕ, која преку дискусиите во Собранието и партиските прес-конференции и изјави доби околу 36 минути во вестите. Опозициската партија критикуваше и обвинуваше, а владејачката СДСМ поретко одговараше, обично со соопштенија, така што за дискусиите во Парламентот и партиските реакции заедно доби околу 18 ипол минути. И овој пат, дел од Дневникот беше отстапен за *псевдовести*, какви што се:

- *„Пензионерите останаа без 5.500 денари, вели Методија Гочевски од ВМРО ДПМНЕ"*,

- *„СДСМ: Пензионерите оваа година ќе добијат околу 2000 денари по просечно исплатена пензија“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: СДСМ ништо не исполни од ветувањата, здравствениот систем е во тотален хаос“,*
- *„СДСМ: Лицемерна и лажна е грижата на ВМРО ДПМНЕ за здравството по нивното криминално и расипничко владеење“,*
- *Опозициската ВМРО ДПМНЕ поднела кривична пријава против генералниот секретар на владата Драги Рашковски поради незаконско именување на нови директори. Изјава на членка на партијата,*
- *Реакција на генералниот секретар на владата Драги Рашковски,*
- *„Груевски: Стравувањата на граѓаните од можно населување бегалци се реални“,*
- *„ВМРО-ДПМНЕ поднесе кривична пријава против Драги Рашковски за злоупотреба на службената положба“,*
- *„ВМРО-ДПМНЕ бара вицепремиерот Кочо Анѓушев да поднесе оставка“,*
- *„ВМРО-ДПМНЕ: Владините мерки за економски раст се антиреформски“.*

За другите политички партии беше известувано преку подготовките за Локалните избори (Левица, ТМРО, ЛДП, ДПМ, ГРОМ, БЕСА, ДУИ, ДПА-ДР) и преку нивните дискусии во Собранието (ДУИ, Беса).

За локалните избори, практично секојдневно беше информирано од аспект на обзнанувањето или претпоставките за имињата на градоначалничките кандидати од партиите, прашањето дали носителите на функции во извршната и законодавната власт, кои истовремено се и кандидати, ќе поднесат оставка - ова прашање беше предмет и на освртот *„Функционерите не се откажуваат од седењето на две столчиња“* (2 минути и 40 секунди). Во контекст на локалните избори беше известено и за заложбите на премиерот Заев, евроамбасадорот Самуел Жбогар и невладината организација МОСТ за фер избори, за завршувањето на јавниот увид во Избирачкиот список, почетокот на мониторинг Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР.

За работата на Собранието беше известувано редовно и тоа за дискусиите на пленарните сесии за објавување оглас за нов јавен обвинител на РМ, за тоа што предлог-законот за зголемување на пензиите поднесен од ВМРО ДПМНЕ не беше ставен на дневен ред, измените на Изборниот законик со кои членот на ДИК од ДПА треба да биде заменет со член од Беса, расправата за интерпелацијата што ВМРО ДПМНЕ ја поднесе за министерот Никола Димитров, за Предлог-законот за употреба на јазиците во собранисканата Комисија за европски прашања и на пленарната сесија, посетата на претседателот на Државниот збор на Република Словенија Милан Брглез.

Прашањето за уставноста и законитоста на Предлог - законот за јазици беше третирано и пошироко, преку пренесување на ставовите на професорката Гордана Силјановска и академик Катица Ќулавкова. На оваа тема беше и освртот *„Повикот на академиците за широка јавна дебата не допре до власта“* (2 минути и 24 секунди) во кој е пренесен ставот на поранешниот претседател на бугарската академија на науките Стефан Воденичаров за бугарскиот медиум „Актуелно“ дека двојазичноста ќе ја уништи Македонија, а информирано беше и за барањето на МАНУ за широка стручна и научна расправа.

Сител направи осврт *„Над 150 зависни од дрога кои беа на лекување во клинички од пред една недела се префрлени во Кисела вода“* (2 минути и 48 секунди), за ситуацијата која настанала кога по одлука на Министерството за здравство лица од Клиника биле префрлени во Центарот за зависности во Кисела Вода при што, освен ставовите на граѓаните кои живеат во близина, беа пренесени и ставовите на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ. Прашањето беше следено и наредниот ден кога во *„ГОП 8 Септември најверојатно ќе стане и центар за згрижување на зависниците од droги“* (2 минути и 49 секунди) претходните информации беа надополнети со неофицијални сознанија за можното решение за проблемот околу обезбедувањето капацитети за центар за зависници од droги.

Телевизијата истражуваше и *„Кој е мотивот белиот лекарски мантил да се замени со политичко одело?“* (2 минути и 58 секунди) при што консултираше лекар и политички аналитичар за тоа зошто лекарите, особено од внатрешноста, се одлучуваат да влезат во политиката.

Беше емитуван коментар означен со телопите *„Никола Димитров ќе го повлекува Палашевски, а самиот се сликал со сонцето од Кутлеш!“* и *„Од МНР велат дека немаат влијание врз уредувачката политика на Дојче Веле“* (2 минути и 42 секунди) во кој беше критикуван министерот за надворешни работи поради тоа што на веб страницата на МНР е објавена фотографија од интервјуто што го даде за Дојче Веле, а на кое се гледа и знамето со сонцето од Кутлеш. Притоа, беше поставено прашањето дали тоа нема да предизвика нов дипломатски проблем со Грција, по случајот со македонскиот конзул во Торонто Јовица Палашевски, кој учествувал на настан на македонската дијаспора и за кого Димитров барал да се утврди одговорност. Беше пренесено и соопштение од МНР дека тие не можат да влијаат на уредувачката политика на Дојче Веле, а утредента беше информирано дека фотографијата со ѕвездата од Кутлеш е отстранета од веб страницата на МНР.

Значајно време во Дневниците и Бизнис вестите има за „другите субјекти“, односно ентитетите споени во оваа методолошка категорија. На пример, во овој извештаен период беше емитуван третиот од низата прилози за резултатите од испитувањето на јавното мислење спроведено од Институтот „Павел Шатев“, според кое граѓаните повеќе ѝ веруваат на ВМРО ДПМНЕ отколку на СДСМ, а неколку дена подоцна и нова анкета на овој институт со слични резултати. Во оваа категорија влегува и МАНУ со барање за стручна и научна расправа за Предлог- законот за јазиците, компании, комори, ДКСК.

Кај локалната самоуправа, имаше прилози за редовни активности (решавање на проблемот со поплави во Општина Конче), се известуваше за тоа дека Советот на Општина Аеродром гласал за распишување референдум против Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и странци, при што беше направена рекапитулација дека за вакви референдуми се гласало во Гевгелија, Штип, Кавадарци, Битола, Радовиш, Гази Баба и Карпош, додека во Центар не се гласало, а во Куманово не поминала таква одлука. Беа сопоставени ставовите на ВМРО ДПМНЕ - која обвинува дека СДСМ е против референдумите бидејќи се плаши, и на СДСМ - со контраобвинение дека ВМРО ДПМНЕ манипулира. Беше пренесен ставот на Министерството за труд и социјална политика, како и информација дека ДИК сè уште не донела заклучок кога ќе бидат одржани референдумите. Извештај на темава имаше и кога одлука за референдум донесе Советот на Општина Охрид.

Од други теми од интерес за јавноста ТВ Сител имаше информации за Фестивалот на камерен театар „Ристо Шишков“, за зголемениот број туристи во Охрид за продолжениот викенд за Денот на независноста, за тоа дека пловните објекти во Охридското Езеро ја загрозуваат безбедноста на туристите, за нискиот водостој на акумулацијата „Калиманци“. Имаше и две стории од животот на луѓето. Едната беше за 12-годишното момче од Крушево, која ТВ Сител ја отворила во утринската програма, а потоа за случајот се заинтересирале и надлежните институции, а другата за животот на работ на егзистенција на мајка со тежок инвалидитет и нејзината 25-годишна ќерка во Прилеп, за која имаше два прилога кои го следеа развојот на настаните.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| Субјект | ТВ Сител | | |
|---|---|---|---|
| | Траење | Процент | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:15 | 4,94 | % |
| Влада на РМ | 00:18:26 | 21,41 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:15:27 | 17,94 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:20 | 0,39 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:39 | 5,40 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:01 | 3,50 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:08:13 | 9,54 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:52 | 1,01 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:42 | 6,62 | % |
| Други субјекти | 00:12:02 | 13,97 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:51 | 0,99 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:23 | 3,93 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:20 | 0,39 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:52 | 2,17 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:49 | 2,11 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:59 | 1,14 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:39 | 0,75 | % |
| СДСМ | 00:01:29 | 1,72 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:06 | 0,12 | % |
| Локална самоуправа (ЛДП) | 00:00:11 | 0,21 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:31 | 1,76 | % |
| | **Вкупно: 01:26:07** | **100** | **%** |

Позначајно време за директни обраќања имаа претставници на Владата, на ВМРО ДПМНЕ и "другите субјекти".

***<u>Други програми</u>***

*Ја сакам Македонија (На дневен ред)*

Во утринската контактна програма *Ја сакам Македонија* која се емитува секој работен ден, во сегментот насловен *На дневен ред*, гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми:

На 6 септември: *„100 дена од новата Влада, Премиерот со отчет: Зборот е збор!"* и *„Законот за јазици влезе во Собранието! Ќе се избрза ли со носењето само тој да се донесе пред локалните избори?".*

На 7 септември: *„Познати повеќето кандидати за градоначалници! Некои нови, некои стари имиња. Одбраа ли добри кандидати партиите"* и: *„8 Септември - Ден на државноста. По сиве овие години, изградивме ли свест и љубов за татковината?!".*

На 8 септември беше направена репортажа за градот Крушево.

На 11 септември имаше слободна тема – отворени телефони.

На 12 септември, Ја сакам Македонија имаше репортажа од Кратово

На 13 септември: *„МАНУ се јави! бара стручна дебата за законот за јазици! По долгиот молк МАНУ се одважи да предлага дебати!"* и *„Дали докторите и лекарите треба да се занимаваат со политика? Во квалитетен медицински персонал, се злоупотребуваат ли белите мантили?!"*

На 14 септември: *„Законот за јазици ги раскара пратениците! Каков епилог очекувате? Ќе се донесе ли законот пред локални?"* и *„Вардар денес испишува историја без поддршка од државата. Националната арена поскапе за вардарци, ќе има ли поддршка од навивачите?".*

На 15 септември беше направена репортажа од Охрид.

## ТВ ТЕЛМА

### *Дневно-информативни емисии*

Во четвртиот по ред извештај од мониторингот (6-15 септември 2017г.) анализирани беа десет изданија на Дневникот на ТВ Телма од 18 часот и 30 минути, односно прилози кои траат вкупно 6 часа 50 минута и 42 секунди, а се жанровски презентирани како извештаи, вести, соопштенија, изјави, анализи и осврти (5 минути и 33 секунди), интервуја (со Борис Георгиевски, уредник во Дојче Веле на македонски јазик за турнејата на македонскиот министер за надворешни работи Никола Димитров; извадок од интервјуто со претседателот на Собранието Талат Џафери околу динамиката за носење на законот за употреба на јазиците, интегрално реализирано во „Топ тема на ваша страна"; со романскиот новинар Пол Раду за тоа колку Македонија е вклучена во аферата со азербејџанската шема за перење пари).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:55:58 | 24,26 | % |
| Собрание на РМ | 00:09:52 | 4,28 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:04:52 | 2,11 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:04 | 2,63 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:15:31 | 6,73 | % |
| Граѓански сектор | 00:20:12 | 8,76 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:15:38 | 6,78 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:54 | 0,82 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:15:29 | 6,71 | % |
| Без субјекти | 00:11:43 | 5,08 | % |
| Други субјекти | 00:25:24 | 11,01 | % |
| Собрание (Беса) | 00:01:10 | 0,50 | % |
| Судство | 00:10:15 | 4,44 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:40 | 3,33 | % |
| СДСМ | 00:08:15 | 3,58 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:37 | 0,70 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:40 | 2,02 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:25 | 0,18 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:43 | 1,61 | % |
| Беса | 00:00:52 | 0,38 | % |
| ДПА-ДР | 00:03:00 | 1,30 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:18 | 1,00 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:00 | 0,44 | % |
| Независни кандидати | 00:00:28 | 0,20 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:32 | 0,23 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:32 | 0,23 | % |
| Локална самоуправа (ЛДП) | 00:00:32 | 0,23 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:04 | 0,46 | % |
| | **Вкупно: 03:50:42** | **100** | **%** |

Нешто помалку од четвртина од времето се однесува на активностите на Владата: спроведувањето на реформскиот План 3-6-9, прославата на 26-тата годишнина од независноста на Република Македонија, состојбата со изградбата на автопатите, нерамномерниот регионален развој, отворањето гинеколошка амбуланта во Шуто Оризари, субвенциите што претходната Влада им ги давала

на странските инвеститори, презентирањето на планот за економски раст, мерките за сузбивање на неформалната економија, средбата на српската премиерка Ана Брнабиќ со македонската амбасадорка Вера Јовановска – Типко, како и прилози произлезени од отчетите за првите 100 дена во министерствата.

Прашањето за тоа дали постои конфликт на интерес поради тоа што компанијата „Фероинвест", чиј сопственик е министерот Кочо Анѓушев, добила тендер на ЕЛЕМ, беше следено од појавувањето на информацијата. Беа пренесени ставовите на министерот, на опозициската ВМРО ДПМНЕ, беше обезбедено и мислење на стручната/експертската јавност околу етичноста на постапката за законитоста и етичноста на случајот, беа пренесени ставот на Државната комисија за спречување на корупцијата и на компанијата, како и ставовите на премиерот Заев и министерот Анѓушев. На крајот беше информирано и дека тендерот ќе биде поништен бидејќи цените не одговарале, беше пренесен и ставот на „Фероинвест" дека со информациите оти веќе го добила тендерот претрпела штета, како и барањето на ВМРО ДПМНЕ тендерот да се поништи.

Собранието беше секојдневно на агендата преку извештаите од пленарната седница за објавувањето оглас за нов јавен обвинител на РМ, дискусијата за Предлог-законот за употреба на јазиците во собраниската Комисија за европски прашања и на пленарна седница, расправата за интерпелацијата што ВМРО ДПМНЕ ја поднесе за министерот Никола Димитров, законските измени за промена на членството на ДИК, средбата на претседателот на Државниот збор на Република Словенија Милан Брглез со спикерот на македонскиот Парламент Талат Џафери, расправата за измени во Законот за медицински студии. Притоа, беа пренесувани ставовите на пратеничките групи на ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и Беса.

Со привршувањето на рокот за доставување на листите со кандидати до надлежните изборни комисии, во фокусот влезе и информирањето за Локалните избори. Притоа, беше известено и за активностите на ДИК за завршување на рокот за увид во Избирачкиот список, изјавата на премиерот Заев и на евроамбасадорот Самуел Жбогар за заложбите за фер избори, за активностите на невладината МОСТ меѓу кои и за кампања со која лицата со попреченост треба да се запознаат со своите гласачки права. Се информираше за активностите за Локалните избори на ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, ДПА, ДПА-ДР, Беса, независните кандидати. За овој период беше карактеристично и тоа што политичките партии не само што ги соопштуваа имињата на своите кандидати за градоначалници, туку и зачестија нивните ветувања – типични за изборна кампања. Вакви примери имаше во прилогот во кој Стефан Богоев зборуваше за детално ревидирање на урбанистичките планови за Општината Карпош и во осврот *„Сè уште не се знаат кандидатите за општина Центар"* (2 минути и 45 секунди) во кој има кампањски изјави од најавениот кандидат од СДСМ за градоначалник на Аеродром и од Никола Груевски.

Од сферата на економијата, беа проследени најновите објавени статистички резултати за падот на бруто домашниот производ, односно влошените економски резултати на државата при што потезите и објаснувањата од власта беа преразгледувани од страна на експерти.

На сличен начин беше актуелизирана и тема од сферата на владеењето на правото - изработката на стратегија за реформа на правосудниот систем, пред сè преку изјавите на експертите кои се членови на владиниот Совет што го изработува документот, но и преку извештај за претставувањето на стратегијата за реформи во судството. И при информирањето за објавување на Вториот извештај на експертската група предводена од Рајнхард Прибе акцент беше ставен на препораките и критиките во врска со судството.

Во еден дел од овој извештаен период беше одржан континуитетот на темата со советниците на носителите на функции на поранешните и на сегашната влада, а беше обработена и темата за конкурсот за вработување советници за претседателот на државата, и за советникот на поранешниот директор на „Јасен".

Во овој извештаен период, публиката можеше да го проследи епилогот на низата прилози за случајот во кој штипската текстилна фабрика „Банг и Скот" отпушти работници поради тоа што не дошле на работа на државен празник и за тоа им побара оштета. Локалната тема од социјален карактер, која Телма ја актуелизираше во овој период, беше судбината на двете сестри Колевски од Битола, кои со години

се затворени во својот дом, а со неа тематски е поврзан и подоцнежниот упад на полицијата во домот на семејството кое го пријавило случајот. Од другите локални теми, беше известувано за загадувањето на Реката Пена во Тетово, ниската цена за индустриската пиперка што е причина за загриженост на земјоделците во струмичко. Имаше информации и за настани од културата – Фестивалот на камерен театар „Ристо Шишков", расправата на архитектите за реконструкцијата на „Мала станица" во Скопје, подготовките за Интернационалниот фестивал на филмската камера „Браќа Манаки".

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:17:53 | 23,86 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:36 | 4,80 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:49 | 3,76 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:06 | 6,80 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:57 | 14,61 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:36 | 6,14 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:36 | 0,80 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:39 | 3,53 | % |
| Други субјекти | 00:10:50 | 14,45 | % |
| Собрание на РМ | 00:02:54 | 3,87 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:42 | 0,93 | % |
| Судство | 00:00:25 | 0,56 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:40 | 4,89 | % |
| СДСМ | 00:02:36 | 3,47 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:39 | 2,20 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:12 | 0,27 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:41 | 0,91 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:21 | 0,47 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:41 | 2,25 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:16 | 0,36 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:08 | 0,18 | % |
| Локална самоуправа (ЛДП) | 00:00:09 | 0,20 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:32 | 0,71 | % |
| | **Вкупно: 01:14:58** | 100 | % |

Директни обраќања подолги од десет минути во овој десетдневен период имаа претставниците на Владата, на граѓанскиот скетор и другите субјекти.

***Посебни информативни емисии***

Во овој извештаен период, секој работен ден се емитуваше издание на „Топ тема", реализирани или како дебата или како интервју.

*Дебати*

„Топ тема на ваша страна" со Снежана Лупевска Созен, беше реализирана на тема: вработувањето по партиски клуч од Генералниот секретаријат на Владата, кои нераспоредени на работни места седат дома и земаат плата. Дебатираа: Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Македонија, Борче Давитковски и Хасан Јашари универзитетски професори. Во рамките на дебатата беа емитувани снимени прилози со: Кирил Миновски, поранешен министер за финансии, Дамјан

Манчевски министер за информатичко општество и администрација и Ана Павловска-Данева, професорка на Правен факултет - Скопје.

Темата со која се занимава „Топ тема“ со Оливера Трајковска, е „100 дена Влада“ во која дебатираа: Илија Димовски пратеник на ВМРО ДПМНЕ, Насер Зибери, аналитичар и Петар Арсовски комуниколог.

„Топ тема на Ваша страна“ со Боби Христов беше посветена на Предлог-законот за употреба на јазиците. Во неа дебатираа: проф. д-р Беса Арифи, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, проф. д-р Симона Грчевска Маџовска и проф. д-р Ајтене Ќамили универзитетски професорки.

Во „Топ тема“ со Александар Чомовски се дебатираше за следните прашања: Дали Вангеловски и неговите од Врховниот суд мирно спијат по бегството на Груевски и Бошковски?; Што ќе стане со тимот на Јанева и СЈО?; Дали преку намалувањето на бројот на судиите СДСМ подготвува генерална чистка во правосудството?; Какви приоритети остави Рајнхард Прибе?; Што содржи стратегијата на македонските експерти за реформи на судството? Дебатираа дел од авторите, рецензентите и реализаторите на реформите, проф. Ана Павловска Данева, проф. Гордан Калајџиев, професор и судија Лазар Наев и адвокатот Александар Тортевски.

Две изданија на „Топ тема на Ваша страна“ беа посветени на анкетата на јавното мислење на Телма и МЦМС. Во изданието со Снежана Лупевска Созен станува збор за проектираната победа на СДСМ на локалните избори, а за тоа дебатираа: Ермира Мехмети, поранешна пратеничка, Марко Трошановски од Институтот за демократија и Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС. Во изданието со Сања Васиќ беше поместена втората тематска дебата посветена на анкетата на Телма и МЦМС и во неа беа претставени рејтинзите на партиите и партиските лидери, а дебатираа Атанас Кировски, главен и одговорен уредник на ТЕЛМА, Сашо Клековски и Алберт Муслиу, аналитичари.

*<u>Интервјуа</u>*

Во рамките на Топ тема беа реализирани две групни интервјуа, првото со Талат Џафери, претседател на Собранието на РМ, второто со Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија. Со Талат Џафери на жешкото столче разговараа водителката Сања Васиќ, Горан Трпеновски, Соња Николовска, Мефаил Исмаили, Мира Костиќ, сите новинари и собраниски известувачи. Во второто интервју, на Зоран Заев на жешкото столче прашања му поставуваа: Оливера Трајковска, Катерина Блажевска, Висар Адеми и Љупчо Поповски.

## КАБЕЛСКИ ТВ

### ТВ 21 – М

#### *Дневно-информативни емисии*

Десетдневниот извештаен период (од 6 до 15 септември) се однесува на исто толку изданија на централната дневно-информативна емисија на ТВ 21 М. Со анализата се опфатени Вестите емитувани во 18 часот и 30 минути (*21 Live news / Magazine informative*). Вкупното времетраење на анализираните прилози е 3 часа, 46 минути и 21 секунда. Жанровски настаните се пренесени преку вести, вести во низа, извештаи, извештаи со коментаторски елементи, а е емитуван и еден новинарски осврт.

Тематски гледано може да се рече дека во извештајниот период доминираат прилозите посветени на две теми: предизборните активности на политичките партии, но и на други субјекти (ДИК, Владата, невладиниот сектор, меѓународниот фактор) насочени кон претстојните Локални избори и прилозите коишто се однесуваат на собраниската расправа за Законот за употреба на јазиците.

Во врска со предизборните активности, медиумот информира за внатрепартиските комбинаторики и тактизирања со листите со кандидати за градоначалници што ќе бидат доставени до Државната изборна комисија, повикувајќи се на официјалните партиски информации. Посебен акцент е ставен на партиските активности во општините кадешто партиите на Албанците имаат најголеми шанси да ги освојат градоначалничките места, а информациите се однесуваат пред се на најголемите партии од албанскиот и од македонскиот политички блок. Во врска со претстојниот изборен процес медиумот ги пренесува информациите што доаѓаат од ДИК (колку граѓани оствариле увид во избирачкиот список, доставени листи со кандидати за градоначалници од политичките партии, подготвеноста на Комисијата за спроведување на изборите), активностите на Владата за одржување фер и демократски избори. Телевизијата за одредени прашања поврзани со изборите (коалицирањето во општините на дел од албанските партии, застапеноста на жените на кандидатските листи за градоначалнички, но и за советите) во прилозите простор одвојува и за изнесување на експертските гледишта кон овие прашања. Информира и за подготвителните активности на меѓународниот фактор што ќе го следи изборниот процес.

Законот за јазиците е централна тема на собраниските расправи за коишто медиумот информира континуирано. Пренесени се ставовите на главните политички чинители во Собранието, во табелата претставени како Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ), Собрание (Коалиција СДСМ), Собрание (ДУИ), Собрание (Беса), Собрание (ДПА-ДР), кои доколку се соберат временски, заедно со субјектот Собрание, чијшто поддел се во суштина, а одвоени единствено за да се претстави политичката дебата, тогаш обединувачкиот субјект Собрание се појавува како второзастапен субјект во вестите на ТВ 21 М, статистички приближно изразен како категоријата „без субјекти".

Гледано според одвоеното време во анализираните прилози, повторно најголема застапеност како субјект во вестите на ТВ 21 М има Владата (38 минути и 6 секунди). Прилозите од сферата на економско-социјалните активности на Владата може да се рече придонесуваат најмногу за нејзината застапеност во вестите. Медиумот информира за владините активности (изјави, прес-конференции, средби) поврзани со: нерамномерниот регионален економски развој на Македонија, најавите за зголемување на пензиите, дополнителни субвенции за лозарите, изградбата на започнатите автопатишта, судирот на интереси со фирмите на вицепремиерот за економски прашања Кочо Анѓушев, посетата на затворот Идризово од страна на премиерот, средствата потрошени за привлекување на странски инвеститори од страна на претходната Влада, обезбедените средства за дислокација на дивите депонии за повеќе градови во Македонија, презентација на план за раст на економијата, презентација на план за вработување на млади лица и др.

Медиумот извести и за неколку средби на владините претставници со: амбасадорката на Јапонија по повод отворањето на јапонската амбасада во Македонија, средбата на македонскиот и германскиот министер за надворешни работи, Никола Димитров и Зигмар Габриел, средбата меѓу премиерот Зоран Заев и евроамбасадорот Самуел Жбогар, потоа за учеството на министерот за надворешни работи на состанок на министри во Талин – Естонија и др.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ 21 - М | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Беса | 00:06:15 | 2,76 % |
| СДСМ | 00:07:16 | 3,21 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:56 | 4,83 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:05:54 | 2,60 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:05:26 | 2,40 % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:46 | 0,34 % |
| Собрание на РМ | 00:11:10 | 4,94 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:17:47 | 7,86 % |
| Влада на РМ | 00:38:06 | 16,83 % |
| Граѓански сектор | 00:11:50 | 5,23 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:38 | 0,28 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:51 | 5,68 % |
| Други субјекти | 00:17:59 | 7,94 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:03:49 | 1,69 % |
| Без субјекти | 00:25:43 | 11,36 % |
| Собрание (Беса) | 00:01:28 | 0,65 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:30 | 0,66 % |
| Судство | 00:07:20 | 3,24 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:50 | 0,37 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:50 | 0,37 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:08:34 | 3,78 % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:39 | 3,82 % |
| ДИК и други органи | 00:06:35 | 2,91 % |
| ДПА-ДР | 00:05:35 | 2,47 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:12 | 1,41 % |
| Претседател на РМ | 00:00:58 | 0,43 % |
| Специјално обвинителство | 00:04:24 | 1,95 % |
| | Вкупно: 03:46:21 | 100 % |

Второзастапен субјект, според одвоеното време во вестите на телевизијата, и во овој извештаен период е категоријата „без субјекти", поради практиката во вестите да одвојува простор и за обичниот граѓанин, известувајќи најчесто за проблемите со кои се соочува во секојдневниот живот преку репортажите со социјална тематика. Во овој четврти по ред десетдневен извештаен период ги пренесува сториите за проблемите со дивата депонија на жителите од село Орланце – општина Липково, тешкиот живот на самохрана мајка од Скопје и нејзините две неподвижни деца, штетите настанати по невремето на жителите од село Свиларе крај Скопје, потешкотиите при совладувањето на наставната материја кај дел од учениците во село Паничар, скопско. Медиумот извести и за пречекот на Агим Красниќи (осуденик) во село Кондово од страна на неговите соселани, враќањето на дел од аџиите од Мека и др., при што и во овие прилози како главен субјект се појавува граѓанинот, методолошки кодиран како „без субјекти".

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ 21 - М | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Беса | 00:03:23 | 5,78 % |
| СДСМ | 00:02:09 | 3,68 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:58 | 5,07 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:28 | 0,80 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:14 | 5,53 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:37 | 4,47 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:02 | 8,60 | % |
| Влада на РМ | 00:10:02 | 17,15 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:05 | 5,27 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:15 | 5,56 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:38 | 1,08 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:02 | 1,77 | % |
| Судство | 00:00:53 | 1,51 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:26 | 0,74 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:19 | 0,54 | % |
| Други субјекти | 00:05:00 | 8,55 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:50 | 4,84 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:36 | 6,15 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:12 | 3,76 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:19 | 2,25 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:45 | 1,28 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:58 | 3,36 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:59 | 1,68 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:20 | 0,57 | % |
| | **Вкупно: 00:58:30** | 100 | % |

Од вкупно 58 минути и 30 секунди директни обраќања на субјектите во вестите на телевизијата, за директните обраќања на владините претставници се одвоени 10 минути и 2 секунди, што ја прави и во овој сегмент временски најприсутна.

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

Во рамки на извештајниот период (од 6 до 15 септември) се емитувани вкупно четири интервјуа, три во рамки на информативната емисија насловена како „Специјална емисија" (Speciale) и едно во рамки на забавно-информативната програма „Пастел".

Трите интервјуа реализирани во информативната емисија се со претседателите на политичките партии ДПА-ДР, Беса и ДПА, односно со Зијадин Села, Билал Касами и Мендух Тачи. Заедничка е темата на трите интервјуа, а тоа се претстојните локални избори. Трите интервјуа се по еднаш репризирани во рамки на извештајниот период.

Гостин во емисијата „Пастел" беше Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура, со кого се разговараше за проектот на министерството насловен како „Нов културен бран".

*Друга информативна програма*

Емитувани се девет изданија на информативната емисија „10 минути" во рамки на четвртиот извештаен период. Редоследно, тие десет минути од насловот на емисијата, беа посветени на: пресот на Беса во врска со 100-те дена Влада; пренесен дел од обраќањето на пратеникот Илија Димовски од ВМРО ДПМНЕ во Комисијата за политички систем во врска со Предлог-законот за употреба на јазиците; Денот на независноста – 8 септември (говорат поранешните пратеници Исмет Рамадани и Стојан Андов); сторија за самохрана мајка од Скопје и нејзините две неподвижни деца; посетата на премиерот Зоран Заев на затворот Идризово; репортажа за невремето во село Свиларе и штетите за граѓаните; прес-конференцијата на пратеничката група на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ во врска со Предлог-законот за употреба на јазиците; собраниските расправи на пратениците Илија Димовски (Коалиција ВМРО ДПМНЕ)

и Петре Шилегов (Коалиција СДСМ) во врска со Предлог-законот за јазиците; одбележувањето на Ден на демократијата (изјави на премиерот Зоран Заев и поранешниот собраниски спикер, Стојан Андов).

## ТВ АРТ ЧАННЕЛ

### *Дневно-информативни емисии*

Вкупното времетраење на десетте анализирани изданија на централната дневно-информативна емисија на ТВ Арт Чаннел, во четвртиот извештаен период, е 2 часа 58 минути и 7 секунди. Анализата се однесува на централната дневно-информативна емисија секојдневно емитувана во 18 часот и 45 минути. Претежно информативните новинарски жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментаторски елементи), но и два новинарски осврта, се дел од вестите на телевизијата.

Слично како и кај дел од медиумите во овој извештаен период, и кај ТВ Арт Чаннел тематски доминираат прилозите посветени на предизборните активности на политичките субјекти, но и на другите чинители во изборниот процес (ДИК, Влада, невладин сектор, експерти, странски претставници како набљудувачи) во пресрет на претстојните локални избори од една страна и прилозите посветени на собраниските расправи за Предлог-законот за употреба на јазиците, од друга страна.

Медиумот известуваше за партиските калкулации со кандидатите за градоначалници пред се од поголемите политички субјекти од македонскиот и од албанскиот политички блок. Во ситуациите кадешто беа потврдени кандидатските листи на партиите, медиумот информираше за истите. Пласираше и информации од Државната изборна комисија коишто се однесуваат на предизборните активности, потоа го пренесе ставот на експертите за очекувањата од изборниот процес и периодот по изборите, ги пренесе очекувањата на ЕУ. Извести и за подготвителните активности на Владата во насока на одржување фер и демократски избори.

Втората најексплоатирана тема во вестите е поврзана со Предлог-законот за употреба на јазиците, којшто се наоѓа во собраниска процедура. Медиумот редовно известуваше за внатресобраниската расправа (комисиска или пленарна), пренесувајќи ги различните ставови по ова прашање на парламентарните партии и коалиции. Доколку временски се соберат субјектите, претставени поединечно во табелата, коишто произлегуваат од обединувачкиот субјект Собрание (Собрание Коалиција ВМРО ДПМНЕ, Собрание ДПА-ДР, Собрание Коалиција СДСМ, Собрание Беса, Собрание ДУИ и Собрание), тогаш се јавуваат како второзастапен субјект во вестите на телевизијата, со приближно еднакво време како и субјектот кодиран како Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари, што пак се должи во голема мера на известувањето за средбите со наши политичари.

Гледано според временската застапеност на субјектите во вестите на телевизијата, повторно Владата е најзастапена (28 минути и 14 секунди), како и во претходниот извештаен период. Медиумот извести за остварените средби и учества на конференции на владините претставници, како што се: средбата на министрите за надворешни работи на Македонија и Германија во Берлин, средбата на вицепремиерот Бујар Османи со германскиот амбасадор во Македонија, неформалната средба на министрите за надворешни работи на ЕУ на која учествува и министерот Димитров, учеството на министерот за внатрешни работи на средба со колегите од регионот отворањето на јапонската амбасада во Скопје и средба на официјалните претставници. Дел од вестите се и прилозите за: спроведувањето на владиниот план „3-6-9", пуштањето на гинеколошка амбуланта во Шуто Оризари од страна на ресорниот министер, прославата на Денот на независноста во организација на Владата, пренесените делови од интервјуто на министерот Димитров за Дојче Веле, посетата на премиерот Зоран Заев на затворот Идризово, изнесените податоци за субвенционирањето на странските компании дадени од претходната Влада, пренесени делови од интервјуто на министерот Димитров дадено за Ројтерс и др.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Арт Чаннел | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Експерти/аналитичари | 00:13:30 | 7,58 % |
| Без субјекти | 00:15:19 | 8,60 % |
| Беса | 00:04:23 | 2,46 % |
| Влада на РМ | 00:28:14 | 15,85 % |
| Граѓански сектор | 00:11:27 | 6,43 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:22:50 | 12,82 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:50 | 3,84 % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:52 | 0,49 % |
| Други субјекти | 00:11:36 | 6,52 % |
| Собрание на РМ | 00:09:09 | 5,14 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:28 | 1,38 % |
| Претседател на РМ | 00:00:35 | 0,33 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:07 | 4,00 % |
| СДСМ | 00:05:03 | 2,84 % |
| Локална самоуправа | 00:00:36 | 0,34 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:36 | 0,34 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:36 | 0,34 % |
| Судство | 00:02:34 | 1,44 % |
| ДПА-ДР | 00:06:16 | 3,52 % |
| ДИК и други органи | 00:06:48 | 3,82 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:13 | 1,81 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:01 | 0,57 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:26 | 2,49 % |
| Собрание (Беса) | 00:01:16 | 0,71 % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:33 | 0,31 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:40 | 4,30 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:12 | 0,68 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:53 | 0,50 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:02 | 0,58 % |
| | **Вкупно: 02:58:07** | 100 % |

Временски гледано следуваат субјектите методолошки кодирани како „без субјекти" (репортажа за проблемите на жителите на Порој од годинешните поплави, проблеми со патот на жителите од населба Дреновец во Тетово, реализирани анкети со граѓани поврзани со прилози посветени на: згаснувањето на некои дневни весници, употребата на албанскиот јазик и др.).

Мислењето на експертите/аналитичарите е пренесено во прилозите коишто се однесуваат на: стотте дена од работата на новата Влада, правата на Албанците во независна Македонија, очекувањата од локалните избори и периодот по нив, употребата на албанскиот јазик и др.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Арт Чаннел | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Експерти/аналитичари | 00:07:19 | 14,67 % |
| Беса | 00:02:18 | 4,61 % |
| Граѓански сектор | 00:03:15 | 6,52 % |
| Влада на РМ | 00:06:08 | 12,30 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:34 | 7,15 | % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:30 | 1,00 | % |
| Други субјекти | 00:06:03 | 12,13 | % |
| Собрание на РМ | 00:02:51 | 5,71 | % |
| ДПА-ДР | 00:02:24 | 4,81 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:42 | 1,40 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:40 | 1,34 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:22 | 2,74 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:11 | 4,38 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:20 | 0,67 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:06 | 8,22 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:15 | 8,52 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:53 | 1,77 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:30 | 1,00 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:32 | 1,07 | % |
| | Вкупно: 00:49:53 | 100 | % |

Временски гледано, три субјекта имаат приближно еднакво време за директни обраќања. Редоследно претставени тоа се: експерти/аналитичари, Влада и други субјекти.

## ТВ НОВА

### *Дневно-информативни емисии*

Во десетте изданија на Обсервер и Дневен бриф, кои се емитуваат на ТВ Нова секојдневно во 19 часот, во четвртиот извештаен период (6-15 септември 2017 година), анализирани беа прилози со вкупно времетраење од 4 часа 18 минути, најчесто презентирани на публиката во форма на извештаи, вести, изјави, симулирани и сопствени коментари и осврти (24 минути и 54 секунди), анализи во форма на разговори меѓу новинарите во студиото, интервјуа со Македонци (меѓу кои и Ѓорѓија Џорџ Атанасовски) од САД во врска со ураганот Ирма.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ НОВА | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:01:49 | 0,70 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:15:44 | 6,10 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:08:15 | 3,20 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:45:01 | 17,45 | % |
| СДСМ | 00:07:27 | 2,89 | % |
| Беса | 00:02:52 | 1,11 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:36 | 1,40 | % |
| ДПА-ДР | 00:03:12 | 1,24 | % |
| Други субјекти | 00:48:34 | 18,83 | % |
| Влада на РМ | 00:51:30 | 19,96 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:09:19 | 3,61 | % |
| Претседател на РМ | 00:08:08 | 3,15 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:28 | 2,90 | % |
| Собрание (Беса) | 00:02:49 | 1,09 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:04:40 | 1,81 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:47 | 1,47 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:06:24 | 2,48 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:36 | 1,78 | % |
| Без субјекти | 00:06:40 | 2,58 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:11 | 2,78 | % |
| Независни кандидати | 00:00:28 | 0,18 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:28 | 0,18 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:20 | 2,45 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:03 | 0,41 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:40 | 0,26 | % |
| | **Вкупно: 04:18:01** | **100** | **%** |

Кај известувањето за политичките партии, ТВ Нова е концентрирана на трансмисија на ставовите на ВМРО ДПМНЕ, на која - за активностите во и надвор од Парламентот – ѝ има посветено околу 1 час, односно нешто помалку од една четвртина од вкупното време. Поретко се пренесуваат контраставовите на СДСМ (која во Собранието и надвор од него има нешто повеќе од 15 минути), а што се однесува до другите партии – ДУИ, Беса, ДПА-ДР, ДПА, за нив е информирано преку нивните подготовки за избори и преку расправите во собраниските тела. Во овој извештаен период имаше примери на прилози од изборна кампања поради активности на партиите со класични предизборни ветувања (*„Груевски во Куманово: Ќе понудиме решенија на следните локални избори кои ќе ги решат проблемите на Кумановчани", „Груевски во посета на општина Ѓорче Петров"*), како и прилози во кои повторно се замаглува дистинкцијата помеѓу партијата и локалната власт (*„Груевски: Со концептот за минимална плата СДСМ ќе ги залаже граѓаните"* во кој претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски при посетата на Волково, даде изјава придружен од градоначалниците на Ѓорче Петров, Сокол Митревски и на Град Скопје, Коце Трајановски; ваква беше сликата и во прилогот *„Груевски во посета на општина Ѓорче Петров"*, а во *„Отворена фабриката на „ОДВ Електрик" во ТИРЗ Охрид/Струга"* фокусот беше ставен на тоа дека претседателот на ВМРО ДПМНЕ на својот Фејсбук профил објавил пост за инвестицијата). Продолжи и емитувањето *псевдовести*, какви што се на пример:

- *„Власта се задолжува, опозицијата бара одговор каде завршуваат милионските суми",*
- *„ВМРО ДПМНЕ: СДСМ има стратегија да ја ангажира полицијата со државни пари да поткупува гласачи на изборите!",*
- *„Фабрика од автомобилската индустрија ја пренасочува инвестицијата во Србија: 1000 вработени остануваат на улица",*
- *„Србов: Наместо пад на цените, граѓаните ќе плаќаат 50% поскапа струја",*
- *„Гочевски: Укинувањето на покачувањето на пензиите е потценување на пензионерите"*
- *„Ѓоргиевски: СДСМ нема намера за фер избори, се обидува да ја употреби полицијата за нивни цели"*
- *„ВМРО ДПМНЕ: СДСМ води нарачана и пресметана хајка"* и *„ВМРО ДПМНЕ: СДСМ се плаши дека ќе ги загуби изборите и затоа прибегнува кон злоупотреба",*

Во времето издвоено за Владата (51 ипол минута), има информации за одбележувањето на 26-годишнината од независноста на Републиката, информации дека министерот за надворешни работи Никола Димитров бил на министерскиот состанок на ЕУ и земјите-кандидати за членство во Талин и за неговата посета на Берлин (што беше анализирано преку разговор во студиото со новинарот Христо Ивановски), информации од МНР во врска со Македонците кои живеат во деловите на САД погодени од ураганот Ирма, потпишувањето договор за признавање на возачките дозволи меѓу Македонија и БИХ, најавата за нов пакет мерки за привлекување странски инвестиции, отчетот од Министерството за одбрана за 100 дена на власт, владиниот пакет мерки за економски раст итн.

Значајно присуство во вестите, од 48 ипол минути, имаат субјектите кои методолошки се вброени во категоријата „други субјекти". Тука влегува, на пример Институтот „Павел Шатев". Во овие 10 дена беа емитувани три прилози за резултатите од неговите анкети на јавното мислење кои покажуваат дека

граѓаните повеќе и веруваат на ВМРО ДПМНЕ отколку на СДСМ. Во еден од прилозите *„Анкети: ВМРО ДПМНЕ со убедлива предност пред СДСМ"* (2 минути и 32 секунди) на резултатите на анкетата од Институтот „Павел Шатев", беа придодадени информации за анкета со слични резултати за која беше кажано дека била направена од Македонскиот центар за меѓународна соработка. Не беа пренесени информациите од МЦМС дека тие ваква анкета не спровеле. Во времето за оваа категорија субјекти се наоѓаат и разговорите во студиото во кои новинарите од ТВ Нова анализираат одредена постапка на Владата, како и информациите од странски медиуми. Во оваа хетерогена категорија се сместени и добитниците на наградата „8 Септември", компании, МПЦ, Народниот правобранител, МАНУ, универзитети итн.

Од квалитативен аспект погледнато, неопходно е да се забележи начинот на кој е конципирано изданието на Вестите во 19 часот на ТВ Нова емитувано на 8 септември, во кое преовладува негативна слика за животот во Македонија.

Најпрвин, одбележувањето на Денот на независноста беше повод за коментар означен со телопите *„Македонија прославува 26 години независност"* и *„Празно пред Владата: Прослава на 8 Септември, Денот на македонската независност се одржа на 7 септември"* (6 минути и 7 секунди) во кој новинарот Наум Стоилковски ја критикува власта поради начинот на кој бил прославен празникот и потсетува на спонтаниот народен собир од 1991 година, од кој изостанале *„челниците на наследниците на Комунистичката партија на Македонија"*. Притоа, оценува дека тоа е резултат на новата политика кон Бугарија и Грција, со јасен поттекст дека власта предводена од СДСМ, за разлика од претходната на ВМРО ДПМНЕ, е непатриотска (*Тоа е новата македонска реалност, каде оваа година 8-ми Септември се одбележа вчера. Наместо на централниот плоштад, во дворот на Владата, со скромна програма и со кусо обраќање на првиот министер каде доминираат темите за евроинтеграции. Ако новата балканска дипломатска реалност се потпира на тезата дека историјата треба да не учи како не треба, тогаш прославата на овој 8-ми Септември 2017 треба да не научи како не треба да се однесуваме кон сопствената историја, кон сопствените празници, кон сопствената независност и сувереност.*)

Нешто подолу во вестите, ТВ Нова емитува и осврт *„ВМРО ДПМНЕ: СДСМ ќе ги загуби локалните избори, спасот се гледа во МВР и масовна корупција"* (3 минути и 36 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ. Имено, медиумот одлучува да изгради прилог повторувајќи информации кои веќе ги има објавено претходните денови, односно тврдењето од ВМРО ДПМНЕ дека СДСМ планира да ја злоупотреби полицијата за изборна измама на кои се надоврзуваат резултатите од анкетата на Институтот Павел Шатев според кои повеќето испитаници не се задоволни од работата на новата Влада и повеќе и веруваат на ВМРО ДПМНЕ отколку на СДСМ.

Веднаш потоа има коментаторски извештај со негативен тон за власта насловен *„Димитров за „Дојче Веле": Македонија е подготвена да досели мигранти"* (3 минути и 20 секунди) во кој, дел од интервјуто на македонскиот министер за надворешни се толкува како признание дека Владата се подготвува да насели мигранти во Македонија, по што се наведува дека неименувани експерти и најголемата опозициска партија ВМРО ДПМНЕ сметаат оти стравот на граѓаните не е неоснован. Се потсетува кои општини се одлучиле да организираат референдуми против владината Нацрт-стратегија за интеграција на бегалци и странци, се оценува оти ова ќе биде едно од прашањата околу кои *„ќе се кршат копја"* на изборите, и се вели оти *„наспроти топлото добредојде од Димитров"* ставот на граѓаните го покажале резултатите од истражувањето на Галуп Интернешнл според кои Македонија е најмалку расположена да прифати мигранти.

Во истото издание на вестите, Телевизијата одлучи да емитува симулиран коментар со негативен тон и рамка за Власта, насловен *„Фабрика од автомобилската индустрија ја пренасочува инвестицијата во Србија: 1000 вработени остануваат на улица"* (3 минути и 10 секунди). Во него, се повторуваат тема и информации кои веќе ги емитуваше ТВ Нова неколку дена порано, и притоа се заплашува дека странските

компании си заминуваат од Македонија поради политиката на новата Влада и оти поради тоа луѓето ќе ги загубат своите работни места.

Инаку, тврдењето дека *„Изминатиот период повеќе компании почнаа да се жалат на некоректниот однос на Владата и загрозување на нивното работење. Веќе три големи компании ја напуштаат државата. Со тоа над 2000 работници ќе останат без својата работа"* ТВ Нова го повтори во коментаторскиот извештај од 13 септември, означен со телопите *„Бошњаковски: Претходната влада им плаќала на странските инвеститори по 11000 евра за работно место„* и *„ВМРО ДПМНЕ: Владата отвора војна против 100 странски компании"* (2 минути и 54 секунди).

Освен ова, на 9 септември, по најава дека дента ВМРО ДПМНЕ излегло со критика за работата на министерот Димитров, се емитуваше осврт со негативен тон за него - *„ВМРО ДПМНЕ: СДСМ води политика на неспособност, хаос, лаги и понижување"* (3 минути и 54 секунди) во кој Телевизијата се наврати на прес-конференцијата на Никола Груевски одржана на 5 септември, репризираше изјава на бугарскиот министер за надворешни работи Красимир Каракачанов, дадена во периодот на потпишување на договорот за добрососедство со Бугарија, како и минатомесечна изјава и на бугарскиот европарламентарец Ангел Џамбаски (обете негативни), пренесе изјава на Антонио Милошоски со критика за надворешната политика на Македонија, и тврдеше дека *„Освен тоа, Димитров нема никаков проблем со евентуално уривање на споменици на македонските херои и историски личности, бидејќи како што рече, живееме во 21 век и не смее да се гради политика врз историски личности пред 2000 години"*.

Потребно е да се посочи и оти ТВ Нова во континуитет работеше на темата за Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци, при што зазеде пропагандна позиција поттикнувајќи страв кај граѓаните. Ова е евидентно во коментаторскиот извештај за министерот Димитров посочен погоре; во извештаите за расправите/одлуките на советите на неколку општини (Аеродром, Гевгелија, Велес итн.) за референдуми за изјаснување против населувањето мигранти кои се иницирани од советниците на ВМРО ДПМНЕ, а на кои се спротивставуваат од СДСМ; во разговорот во студиото со новинарот Христо Ивановски *„ТВ Нова анализа: Бегалци – од транзитна земја трајна дестинација"* (8 минути и 11 секунди) кој даде свое мислење за прашањето со мигрантите (говорејќи и за бројка од 10.000 лица), за изјавата на министерот Димитров, организирањето на референдумите и можноста за населување мигранти во иднина, односно што би значело тоа за Македонија; во прилогот обележан со телопите *„Се зголемува бројот на општините кои сакаат референдум за мигранти"* и *„Велешани референдум околу прашањето за населување мигранти"* при информирањето за гласањето во велешкиот Совет, уште еднаш беше повторена изјавата на Никола Груевски дека стравот на граѓаните не е неоснован бидејќи *„поучени од досегашните чекори на новата Влада аргументирано не веруваат во она што Заев го кажува"*. На ваков начин ТВ Нова го прекрши начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување публиката слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања.

Уште еден коментар е насловен *„Никола Димитров ќе го повлекува Палашевски, а самиот се сликал со сонцето од Кутлеш!"* (3 минути и 47 секунди) во кој министерот за надворешни работи беше критикуван дека може да се соочи со нов дипломатски проблем во односите со соседна Грција, бидејќи на веб страницата на МНР е објавена фотографија од интервјуто што во овој период го даде за Дојче Веле, а на кое се гледа и знамето со сонцето од Кутлеш. Притоа се прави компарација со ситуацијата со македонскиот конзул во Торонто Јовица Палашевски, кој учествувал на настан на македонската дијаспора и за кого Димитров формирал комисија што ќе ја утврди одговорноста.

ТВ Нова имаше аналитички пристап во неколку прилози.

Објавувањето на новиот Извештај на Рајнхард Прибе беше анализирано преку разговор во студиото со новинарот Христо Ивановски насловен *„Претставен вториот Извештај на Прибе"*, (4 минути и 43 секунди).

Оваа телевизија ја отвори темата за тоа дека Државниот просветен инспекторат, по спроведена контрола утврдил оти министерот Рамиз Мерко станал професор на универзитет беа диплома за завршен трет циклус на студии и доказ за нострификација, како и дека постојат неправилности и незаконитости во изборот на професори, доценти и асистенти на Универзитетот во Струга. Притоа, на информациите од Државниот просветен инспекторат им беа сопоставени ставот на Мерко за тоа дека процедурата за нострификација била започната пред една година и оти ова е организирана хајка против него и универзитетот во Струга, а од Владата не бил добиен одговор на поставените прашања за оваа тема.

Уште една тема на ТВ Нова беше *„Зошто обвинетите од Диво Насеље користат мобилни телефони во затворите?"* во кој се поставува прашањето како еден од обвинетите за терористичката акција во Куманово добил мобилен телефон во затворот и објавил Фејсбук статус.

Телевизијата го следеше и развојот на настаните околу тендерот на ЕЛЕМ на кој учествуваше и фирмата „Фероинвест", која е во сопственост на вицепремиерот за економски прашања Кочо Анѓушев. ТВ Нова ги проследи овие настани преку прилози во кои беа пренесени обвинувањата на ВМРО ДПМНЕ кон вицепремиерот Анѓушев за конфликт на интереси, реакциите од АД ЕЛЕМ и „Фероинвест" на ваквите обвинувања и ставот на Државната комисија за спречување на корупцијата по ова прашање.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ НОВА | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:54 | 1,06 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:10:25 | 12,29 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:04:59 | 5,88 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:21:39 | 25,55 | % |
| Влада на РМ | 00:11:47 | 13,91 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:11 | 3,76 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:55 | 2,26 | % |
| Други субјекти | 00:17:17 | 20,40 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:29 | 0,57 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:40 | 3,15 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:34 | 3,03 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:37 | 1,91 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:55 | 1,08 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:52 | 1,02 | % |
| СДСМ | 00:00:26 | 0,51 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:36 | 0,71 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:28 | 2,91 | % |
| | **Вкупно: 01:24:44** | **100** | **%** |

ВМРО ДПМНЕ, преку своите пратенички групи во Собранието, преку изјавите на партискиот претседател или на други партиски членови, има добиено најмногу време во директните обраќања (околу 32 минути). Време над 10 минути имаат уште различните ентитети од категоријата „други субјекти" и Владата.

Инаку, во овој период известувањето за Локалните избори влезе во фокусот преку информациите за тоа кои се градоначалничките адути на политичките партии, активностите на ДИК околу увидот во Избирачкиот список од страна на граѓаните, законските измени преку кои претставник на Беса ќе го замени членот на ДИК од редовите на ДПА. Локалните избори беа тема и на коментарот *„Истече рокот за кандидатски листи, подготовките на терен во тек"* (4 минути и 22 секунди), во кој новинарот Наум

Стоилковски направи анализа за тоа дека овие избори ќе бидат лакмус тест кон што ќе се движи РМ и оти големата поддршка било за ВМРО ДПМНЕ било за СДСМ може да води до нови парламентарни избори.

Редовна тема беше и известувањето за расправите кои се одвиваа во Парламентот, при што повеќе акцент беше ставен на Предлог-законот за употреба на јазиците (дискусиите во Комисијата за европски прашања, Комисијата за политички систем, на пленарната сесија), а имаше информација и за гласањето на пратениците за објавување оглас за нов јавен обвинител на РМ, за неприфаќањето на дневен ред на Собранието да се најде предлог-законот на ВМРО ДПМНЕ за зголемување на пензиите за 5%, како и прилог за статусот на интерпелациите за министрите Никола Димитров, Мила Царовска и Љупчо Николовски.

Во однос на прашањето на Предлог-законот за употреба на јазиците, освен преку информирањето за дискусиите во Собранието, беше информирано и за ставот на МАНУ, а беше обработено и низ прилог во кој беа пренесени ставовите на правни експерти во поглед на неговата уставност.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

ТВ Нова и во овој десетдневен период продолжи со следење на прес-конференциите на ВМРО ДПМНЕ преку директно вклучување во живо од партиското седиште. Тема на овие прес-конференции кои беа водени од генералниот секретар Христијан Мицкоски и од поранешниот генерален секретар Емил Димитриев беше презентацијата на предложените кандидати за градоначалници на ВМРО ДПМНЕ за претстојните локални избори. Вакви директни вклучувања беа емитувани на 6 септември во 14 часот и 33 минути, на 7 септември во 13 часот и 52 минути, на 14 септември во 14 часот и 4 минути и на 15 септември во 14 часот и 52 минути. На 14 септември во 14 часот и 56 минути, ТВ Нова емитуваше директно вклучување од потпишувањето на декларацијата за заеднички настап на претстојните локални избори на коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

Ваквиот посебен третман за следење на секојдневните партиски активности, го добива само опозициската ВМРО ДПМНЕ и ниту една друга политичка партија, а може да се забележи дека дури и настани од национално значење - како што беше прославата за 26-годишнината од независноста на Република Македонија - беа третирани само преку прилози во вестите. Со ова продолжува непочитувањето на начелото за еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување публиката слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања.

*<u>Интервју</u>*

Во овој десетдневен период на ТВ Нова беа емитувани три интервјуа. На 11 септември во 20 часот и 40 минути премиерно беше емитувано интервју со министерот за подобрување на бизнис климата во државата Зоран Шапуриќ. Репризи на ова интервју беа емитувани истиот ден во 23 часот и следниот ден во 7 часот и 11 часот и 30 минути. На 12 септември во емисијата Отворено студио, спроведено е интервју со Страшо Ангеловски, претседател на партијата МААК. Три репризи на ова интервју се емитувани следниот ден на 13 септември. На 14 септември премиерно е емитувано интервјуто со Тони Мекиноски, адвокат, кој зборуваше за лошите услови во затворите, детските домови и психијатриските институции. Репризи на ова интервју се емитувани истиот ден во 23 часот и следниот ден во 5 часот и 20 минути.

*<u>Дебати</u>*

Во периодот од 6 до 15 септември во редовниот термин во 20 часот и 30 минути, емитувани беа дебатните емисии *„Отворено студио“* и *„Аргументи“*:

- *„100 дена Влада како вовед во нови избори“*, гости во емисијата *Отворено студио* беа новинарот Цветин Чилиманов и универзитетската професорка Тања Каракамишева-Јовановска. Водителот Наум Стоилковски потенцираше дека биле исконтактирани голем број лица за да обезбедат

различни мислења, но засега добиле само ветувања и уверувања за присуство (премиера на 6 септември, реприризи беа емитувани во 23 часот и следниот ден во 7 часот и 45 минути и во 11 часот и 30 минути);

- *„Стратегија за безбедност или за избори"*, во *Аргументи* со Љубиша Николовски гостуваат проф. д-р. Трпе Стојановски и претставничката од Црвен крст Сандра Томовска (премиера на 7 септември, реприризи - во 23 часот и следниот ден во 7 часот и 50 минути и во 11 часот и 30 минути);
- *„Разединувачки закон за обединувачки јазик"*, издание на *Отворено студио* во кое дебатираа универзитетските професори Сефер Тахири и Александар Даштевски (премиера на 13 септември, реприза истиот ден и уште шест реприризи на 14 и 15 септември);
- *„Економски ветувања и перспективи"*, дебата во *Отвореното студио* Нова со Благица Петрески од Finance Think, Неби Хоџа претседател на Стопанската комора на Северозападна Македонија и поранешниот министер од редовите на ВМРО ДПМНЕ Кристијан Делев (премиерата е емитувана на 15 септември).

Во овој десетдневен период беа емитувани и репризи на изданија на *Отворено студио* и *Аргументи* кои премиерно беа прикажани пред 6 септември. Станува збор за изданија на темите *„Има ли конзистентност во македонската надворешна политика"* и *„Последни предизборни тактизирања"*.

***Други програми***

На 15 септември, во 3 часот по полноќ, емитуван беше документарен филм со наслов *„Македонија 2013"* во продукција на МРТВ. Преку интервјуа со тогашни владини претставници, градоначалници и универзитетски професори и снимени видео инсерти од некои позначајни случувања, документарниот филм направи ретроспектива на настаните од политиката, спортот и културата што ја одбележале 2013 година.

## ТВ ШЕЊА

***Дневно-информативни емисии***

Во периодот од 6 до 15 септември 2017 година, за анализа се земени новинарските прилози на актуелни оштествено-политички теми, емитувани во дневникот од 18 часот и 55 минути. Вкупното време на анализираниот информативен материјал изнесува - 3 часа и 13 минути.

Споредбено, по квантитет на застапеност, субјектите методолошки означени - „Влада" и „други субјекти", имаат речиси еднаква минутажа во централното издание на дневникот. Погледнато описно, пак, имајќи предвид дека под категоријата „други субјекти" е бележен и интерпретативниот новинарски приод кон актуелните општествено-политички теми, настани и состојби, забележливо е дека информативната редакција на ТВ Шења преку коментар или преку осврт, постојано се труди да воспостави соодветна врска меѓу споменатите две статистички категории, давајќи им приоритет на информациите што во секојдневната медиумска циркулација се покажуваат како клучни за пошироките општествено-политички текови. Таков е пристапот кон темата – „локални избори", всушност - клучниот методолошки предмет на интерес: ТВ Шења редовно ги следи (не)официјалните информации произлезени од политичките партии што решиле да учествуваат во кандидатурата за градоначалнички позиции, ги врамува во етапите на тековниот политички процес набележани во Роковникот подготвен од Државната изборна комисија, но, последователно ги коментира и партиските преговори и договори за поединечен или за коалициски настап во поважните единици на локалната самоуправа. На пример, преку два взаемно надополнувачки коментара, објавени на 14 и на 15 септември, под насловите: „Заев заборави на криминалите на ДУИ, денес ги поддржува за гласови", и „Ахмети го смени ставот и за Заев", ТВ Шења, користејќи и архивски материјал со авентични изјави на споменатите двајца лидери на владејачките партии, ја покажува нивната – самопротивречност, а

преку таа теза ја анализира појавата на т.н. – „непринципиелна коалиција" помеѓу СДСМ и ДУИ, најавена за Градот Скопје, односно за други скопски општини. Од другата страна на начинот по кој се третира темата – „локални избори", стојат – анкети со граѓани, чии изјави главно се сведуваат на впечатоци за (не)исполнувањето на мандатот на одредени актуелни градоначалници, односно – на вести и на извештаи од кои можат да се издвојат оние за работата на ДИК – најнапред, промените во нејзиниот постоен состав, со приемот на еден нов член од партијата БЕСА, потоа прифаќањето на градоначалничките кандидатури, поради сложените партиски комбинаторики, доставени при самиот крај на овој период од Роковникот, како и пренесените изборни очекувања на меѓународната заедница и на мониторинг мисијата на ОБСЕ - ОДИХР. Видливо место во дневникот имаше и извештајот за дебатата организирана од невладината „Мост", како заложба за – „нулта толеранција кон изборните неправилности", од која, покрај ставовите на претставници од граѓанскиот сектор, Телевизијата ги прикажа и ставовите на премиерот Заев и на претставници од т.н. „меѓународна заедница". Плуралниот информативен пристап, последователно и прокоментиран во однос на можна – изборна самопромоција, беше применет и при известувањето за владино-граѓанска посета на КПД Идризово.

Во информативниот фокус Владата влезе преку – отчетот за првите 100 дена од работењето, при што, освен групната прес-конференција, од која беа извлечени поенти од експозето на премиерот Заев, последователно беа проследени и поединечните „отчетни" прес-конференции на одредени министерства. И за оваа актуелна политичка тема, ТВ Шења преку улични анкети го прикажа колебливото – оптимистично / песимистично, расположение на „обичниот граѓанин", користејќи го како увертира за експертските, најчесто – економски и политиколошки ставови, но и за размислувањата на различни претставници од т.н. – „бизнис-заедница", на стопанските комори во Република Македонија, како и за критичките реакции на одредени политички партии.

На крајот од календарскиот период во кој се емитуваше ТВ дневникот опфатен со анализата, примарна информативна тема беше и т.н. „Извештај на Прибе", со акценти врз застојот на реформите во правосудството, па оттаму и контекстуализираниот шестмесечен извештај од работата на Специјалното јавно обвинителство.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Без субјекти | 00:23:14 | 12,05 | % |
| Собрание (Беса) | 00:05:10 | 2,67 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:27 | 4,90 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:02:48 | 1,46 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:05:06 | 2,64 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:41 | 3,46 | % |
| Влада на РМ | 00:24:33 | 12,72 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:09 | 2,67 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:22 | 8,48 | % |
| Собрание на РМ | 00:07:40 | 3,97 | % |
| Беса | 00:06:53 | 3,57 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:04:50 | 2,51 | % |
| Судство | 00:06:35 | 3,41 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:20 | 1,73 | % |
| Други субјекти | 00:24:26 | 12,66 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:59 | 5,17 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:05:51 | 3,03 | % |
| ДИК и други органи | 00:13:34 | 7,03 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:44 | 0,38 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:02 | 1,06 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:05:26 | 2,81 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:08 | 1,62 | % |
| | Вкупно: 03:12:57 | 100 | % |

Ако се соберат минутажите за поединечните партиски активности во рамките на работата на Собранието, тогаш тоа вкупно време ќе ја прикаже дебатата во Законодавниот дом меѓу најзастапените статистички ставки. Погледната по теми, пак, обработени низ десетдневниот период од 6 до 15 септември 2017 година, собраниската дебата што привлекла најголемо новинарско внимание се однесува на: предлог-законот за употребата на јазиците, интерпелациите што опозициската ВМРО ДПМНЕ ги поднесе за одредени министри, и изборот на нов Јавен обвинител по разрешувањето на Зврлевски.

Политиките за интегративни меѓуетнички процеси во македонското општество, се рефлектираа и преку ретроспективата по повод 26-те години независна Република Македонија, но пред сѐ и преку освртите за слабата застапеност на етничките Албанци во редовите на различни единици од македонската Армија.

Македонското секојдневие, пак, земено како контрастна, реална последица од концепциите на „високата" институционална или партиска политика, ТВ Шења го прикажа низ прилози за индивидуални приказни на социјално маргинализирани лица, и преку протести на локални заедници против занемарување стари, натрупани инфраструктурни и еколошки проблеми во одредени локални самоуправни единици. Во овој период, ТВ Шења известуваше и за тековните случувања од судски процеси („Случајот Алмир", исповед на родителите што ја конотираат смртта на Алмир со – „етнички мотиви", како и случаите „Диво Насеље" и „Монструм", влезени во правосудни фази на можна разрешница). Низ повеќенеделен континуитет, тематски поврзани - лошите резултати што ги добиле македонските ученици од ПИСА, меѓународното тестирање на образовните знаења и вештини, беше повод за опстојна новинарска потрага по причините за неопходните реформи во македонскиот образовен систем, а соговорници, покрај Министерството за образование, беа и наставници со долгогодишно педагошко искуство.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Собрание (Беса) | 00:03:05 | 7,24 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:31 | 8,26 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:37 | 3,80 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:22 | 5,56 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:20 | 7,83 | % |
| Влада на РМ | 00:06:43 | 15,78 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:53 | 4,42 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:30 | 8,22 | % |
| Беса | 00:02:51 | 6,70 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:32 | 1,25 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:18 | 7,75 | % |
| Други субјекти | 00:06:25 | 15,07 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:45 | 1,76 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:38 | 1,49 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:20 | 0,78 | % |
| СДСМ | 00:01:44 | 4,07 | % |
| | Вкупно: 00:42:34 | 100 | % |

## САТЕЛИТСКИ ТВ

### ТВ 24 ВЕСТИ

***Дневно-информативни емисии***

Од 6 до 15 септември 2017 години, анализирани се вкупно 4 часа и 29 минути информативно време за внатрешнополитички и за општествени настани, издвоено во ТВ Дневникот емитуван од 20 часот. „Локалните избори", како примарен предмет чија содржина методолошки се анализира, ТВ 24 вести ја обработи со комбинација на основните информативни и аналитички жанрови: вести (во низа), извештаи (со коментаторски елементи), но и преку новинарски осврти и преку интервјуа со правно-политиколошки експерти. Тематски, во рамките на овој предмет на анализата, се издвоија – сложените предизборни комбинаторики, односно – старо-новите коалиции околу владејачката СДСМ и опозициската ВМРО ДПМНЕ; етичките дилеми поврзани со кандидатурите на лица што веќе имаат статус на пратеник или на државен функционер; активностите на граѓанските асоцијации „МОСТ" и „Цивил", поврзани со апели до ДИК и до МВР за неутрализирање воочени нерегуларности - било во единствениот Избирачки список, било со сложените процеси за - „одвојување на партијата од власта", при што Телевизијата ја подвлече и важноста на улогата што ја има т.н. „меѓународен фактор", во прв ред мисијата на ОБСЕ/ОДИХР. Во контекст на – политикантството, поврзано со изборниот процес, се покажа дека ТВ 24 и во овој анализиран период продолжи преку извештаи да ги следи одлуките на повеќе општински совети да распишат референдуми против евентуална социјализација на мигранти, но го прикажуваше и официјалниот државен демант по ова контроверзно прашање.

Големо внимание, покажано и преку квантумот на прилозите и преку квалитетот на обработката (интервјуа, експертски изјави, осврти), беше посветено на – 100-те дена од работата на новата македонска Влада. Во оваа тематска сфера влегоа новинарските извештаи за отчетите на поединечните министерства, анализата / ревизијата на Владата за начинот по кој претходниот состав на извршните државни органи буџетски ги „стимулирал" странските инвестиции, за што сумарно беше скована и ироничната фраза – „економско шоу", која потоа како тема беше разработувана низ низа прилози за (не)стабилноста на македонската економија (анализата на Виенскиот институт; изданија на актуелно-информативната емисија „24 Анализа"). Поширок информативен интерес предизвика и изјавата на премиерот Заев по увидот од нечовечките услови во скопскиот затвор Идризово, потврдена со констатациите на граѓански активисти и на Народниот правобранител. Но, од другата страна на споменатите официјални владини извештаи (отчетот) за сопственото работење, ТВ 24 известуваше и анализираше за – контроверзите околу тендерите за кои се натпреварува и „Фероинвест", фирмата во сопственост на вицепремиерот Анѓушев, потоа за реакциите на синдикатите и на стопанските комори пред сè во однос на предложените или на новововедените социјални и економски критериуми и стандарди, прочитани во тековните владини политики, но и за интерпелациите што опозициската ВМРО ДПМНЕ ги поднесе против одредени министри во Владата предводена од СДСМ. На крајот од опфатениот календарски период - од 6 до 15 септември 2017 година, посебно внимание во ТВ Дневникот му беше посветено на т.н. „Втор извештај на Прибе", при што беше поврзан и со шестмесечниот извештај од работењето на Специјалното јавно обвинителство.

По повод „8 Септември", Денот на независноста, освен пригодниот редакциски осврт, ТВ 24 емитуваше и интервју со „политичкиот ветеран" Петар Гошев, низ чие повеќедецениско искуство се рефлектираат различни фази од самостојноста на Република Македонија. Асоцијативно, делот што од оваа тема се однесува на – меѓународната афирмација на државата, беше анализиран и преку интервју со Исмет Рамадани, во кое се отворија поттемите за актуелните билатерални односи на Македонија со Србија и со Косово, а по повод расправата во ООН за приемот на Косово во Интерпол и во УНЕСКО, како и за т.н. – „руско влијание на Балканот".

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 24 Вести | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Собрание на РМ | 00:05:06 | 1,90 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:07:10 | 2,66 % |
| Други субјекти | 00:39:20 | 14,62 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:55 | 0,71 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:06:21 | 2,36 % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:56 | 0,35 % |
| Влада на РМ | 00:51:57 | 19,32 % |
| Граѓански сектор | 00:12:00 | 4,46 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:26 | 8,34 % |
| СДСМ | 00:09:43 | 3,61 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:18:56 | 7,04 % |
| Беса | 00:02:48 | 1,04 % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:55 | 5,92 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:11:18 | 4,20 % |
| Без субјекти | 00:18:25 | 6,85 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:09:00 | 3,35 % |
| Собрание (Беса) | 00:01:17 | 0,48 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:24 | 0,52 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:03:34 | 1,33 % |
| Претседател на РМ | 00:00:48 | 0,29 % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:33 | 0,21 % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:33 | 0,21 % |
| ДИК и други органи | 00:07:07 | 2,64 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:22 | 1,25 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:13 | 0,45 % |
| ДПА-ДР | 00:01:21 | 0,50 % |
| Судство | 00:06:34 | 2,44 % |
| Локална самоуправа | 00:00:37 | 0,23 % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:01:37 | 0,60 % |
| Специјално обвинителство | 00:04:32 | 1,69 % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:17 | 0,11 % |
| ТМОРО | 00:00:17 | 0,11 % |
| Левица | 00:00:17 | 0,11 % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:17 | 0,11 % |
| | **Вкупно: 04:28:56** | **100 %** |

Актуелните општествено-политички теми во овој десетдневен период најчесто произлегуваа од расправите во Собранието. Новинарските извештаи во прв план ги посочија - расправата за предлог-законот за употребата на јазиците, на која, пак, последователно се надоврзаа општествените реакции на МАНУ, на Институтот за македонски јазик, на Советот за македонски јазик при Министерството за култура, но и на граѓанското движење „Тврдокорни" (чиј протест беше и тема за расправа на пошироката јавност, вклучена преку „отвореното студио" на емисијата „Мој термин"). Одгласите и реакциите од оваа тема, политички поврзани и со т.н. „Крвав собраниски четврток", од април годинава, ја опфатија и посредната полемика (преку социјалните медиуми или преку извадоци од странски медиуми) помеѓу членови на „Тврдокорните" и ставовите на претставници на одредени странски амбасади во Република Македонија.

ТВ 24 во повеќедневен континуитет ги следеше и ревизорските извештаи на некои министерства и на други органи на државната управа, во кои беа наведени и детали за луксузот на државна сметка што го правела претходната раководна гарнитура, но и најави за можни кривични пријави против одредени некогашни носители на јавни функции. Телевизијата редовно ја посочуваше и реакцијата на „засегнатата"

страна во овие случаи, но се интересираше и за надлежностите на Основното јавно обвинителство. Дел од времетраењето на вака организираните и реализирани прилози, нужно беше поврзувано и со сега опозициската ВМРО ДПМНЕ, било преку нејзини партиски непосредни реакции (прес-конференции; изјави, соопштенија) за посочените ревизии, било преку поединечни реакции на нејзини активни членови.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 24 Вести | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Собрание на РМ | 00:00:55 | 1,20 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:58 | 5,21 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:42 | 3,55 % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:13 | 0,28 % |
| Влада на РМ | 00:13:49 | 18,15 % |
| СДСМ | 00:00:19 | 0,42 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:11 | 6,81 % |
| Други субјекти | 00:09:00 | 11,82 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:08 | 8,06 % |
| Беса | 00:00:33 | 0,72 % |
| Експерти/аналитичари | 00:14:49 | 19,46 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:27 | 3,22 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:32 | 5,95 % |
| Собрание (Беса) | 00:00:39 | 0,85 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:51 | 1,12 % |
| Граѓански сектор | 00:03:40 | 4,82 % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:13 | 0,28 % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:13 | 0,28 % |
| ДИК и други органи | 00:01:46 | 2,32 % |
| Локална самоуправа | 00:00:23 | 0,50 % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:01:37 | 2,12 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:20 | 1,75 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:50 | 1,09 % |
| | Вкупно: 01:16:08 | 100 % |

***Посебни информативни емисии***

*Интервју*

Од 6 до 15 септември, во изданијата на емисијата „24 Анализа" реализирани како интервјуа (некои од нив и неколкупати репризирани), гостуваа: Петар Гошев, кој зборуваше на тема - 26-те години независност на Република Македонија; Милан Брглез, претседателот на Собранието на Република Словенија, прашан пред сè за словенечката поддршка за македонските евро-атлантски аспирации, но и за иднината на ЕУ; Иан Мекдоналд, потсекретар на британското МНР, кој направи споредба помеѓу - општествено-политичкиот статус, стандардите, критериумите и принципите за функционирање на британската државна администрација, наспроти европските стандарди, и посебно со погрешните партиско-политички концепции за државната администрација што ги има менливото раководство на македонската Влада.

Во емисијата „Неделно интервју", прибележан е разговорот со Арбен Таравари, министерот за здравство, кој зборуваше за состојбите во здравството, но и за причините да се кандидира за градоначалник на Гостивар.

*Дебати*

Премиерните дебатни изданија на емисијата „24 Анализа", во десетдневниот период од 6 до 15 септември 2017 година, ги опфатија соочувањата помеѓу: аналитичарот Алберт Муслиу, професорот Александар Спасов, и Драган Лазаров, еден од иницијаторите за реформи во опозициската ВМРО ДПМНЕ, на теми – 100 дена Влада и кандидати за градоначалници; аналитичарите Петар Арсовски и Владимир Божиновски, и универзитетскиот професор Ќашиф Бакиу, на теми: 100 дена Влада и нивното можно влијание врз претстојните локални избори; училишниот психолог Ана Поп Ризова и професорките Ана Томовска - Мисовска и Сузана Черепналковска, на тема - Намалување на бројот првачиња; аналитичарите Воислав Зафировски и Агим Јонуз, на тема - Конфликт на интереси во државните институции; професорот Ванчо Узунов, и економските аналитичари и претставници на бизнис секторот - Фатмир Битиќи и Павле Гацов, на тема – Економски проекции и (не)рационално потрошените буџетски 225 милиони евра за странски инвестиции; Андреја Стојковски, од невладината „Евротинк", Газменд Ајдини, аналитичар, и Мирослав Драганов, од Институтот за човекови права, на тема – Демократијата во Македонија и новиот извештај на Прибе.

Почетокот на новата сезона од емисијата „24 Отворено" претстави дебата на широко поставена тема – Досегашната работа на новата македонска Влада -, а беше реализирана како непосредно соочување помеѓу премиерот Зоран Заев и претставници на неколку невладини организации.

*Актуелно-информативни емисии*

„Отвореното студио", преку кое „гласот на народот" се изјаснува на актуелни општествени и политички настани, состојби и теми, беше реализирано преку емисиите „Очи во Очи" и „Мој термин". Некои изданија се репризирани и повеќе пати, но премиерно, темите за дебатите на пошироката јавност беа следниве:

Очи во очи:

*- По 10 години жените од Шуто Оризари добија гинеколог;*
*- Потпорен ѕид усмрти човек во Дебар Маало, жителите од оваа населба загрижени за својата безбедност;*
*- Премиерот Заев во посета на КПД Идризово. Ќе има ли подобрување на условите во затворите;*
*- „Прашајте го премиерот Заев" - избор од прашањата на гледачите беше поставен пред премиерот Заев во емисијата „24 Отворено", за почеток на нејзината нова сезона;*
*- Не стивнуваат обвинувањата и посочувањата вина за одговорност за т.н. „Крвав четврток";*
*- Прибе: една форма на заробена држава не смее да се замени со друга;*

Мој термин:

*- Втор ден остра дебата помеѓу власта и опозицијата за предлог-законот за јазиците;*
*- Слободна тема, но најпреферирани беа темите: дали министерот треба да се кандидира за градоначалник; 100 дена Влада; предлог за нов Јавен обвинител; патарини / патишта; нова грејна сезона а стара состојба со исклучените од парно греење; лажна ли е македонската тревога од т.н. „бегалска криза";*
*- Политичката криза виновна за падот на БДП;*
*- Слободна тема, но преферирани беа: условите во затворите низ Македонија; случајот - „Фероинвест" и интерпелациите на министрите Димитров, Николовски и Царовска;*
*- Предлог-законот за употреба на јазиците;*
*- „Тврдокорните" на протест пред Собранието - ВМРО ДПМНЕ ја окупира говорницата";*
*- Истек на рокот за поднесување градоначалнички кандидатури;*
*- Меѓународен ден на демократијата – дали ја чувствувате Македонија како демократска?*

## ТВ СОНЦЕ

### *Дневно-информативни емисии*

Вкупното времетраење на анализираните прилози на програмата на ТВ Сонце е 2 часа 34 минути и 43 секунди. Анализата се однесува на периодот од 6 до 15 септември, а како и во претходните извештајни периоди, опфатена е централната дневно-информативна емисија емитувана во 18 часот. Настаните се пренесени преку информативните жанрови, вест, вест во низа, извештај.

Тематски прикажано, медиумот во значителен обем известуваше за собраниските расправи (комисиски и пленарни) поврзани со Предлог-законот за употреба на јазиците. Одразот на собраниските дискусии е пресликан во застапеноста на субјектите коишто произлегуваат од Собранието на РМ (Собрание Коалиција ВМРО ДПМНЕ, Собрание Беса, Собрание Коалиција СДСМ, Собрание). Во најголем дел нивната застапеност се должи на расправите за Предлог-законот, па оттука ако се соберат нивните времиња и се претставаат под обединувачкото име (Собрание), тогаш тој субјект ќе биде третозастапен во структурата на субјектите, по субјектот Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари.

Првозастапен субјект според одвоеното време во вестите на ТВ Сонце и натаму е Владата, со повеќе од една третина присутност како субјект во централната дневно-информативна емисија на телевизијата. Медиумот извести за неколкуте средби на владините претставници: на министрите за надворешни работи на Македонија и Германија, средба на премиерот Зоран Заев со јапонскиот министер за надворешни работи, на министерката за одбрана Радмила Шеќеринска со командантот на Националната гарда од Вермонт – САД, средба на премиерот Зоран Заев со евроамбасадорот Самуел Жбогар. Телевизијата емитуваше прилози поврзани со активностите на Владата и нејзините претставници кои спаѓаат во доменот на економско социјалната сфера: за владините мерки за еднаков регионален развој, отворањето на гинеколошка амбуланта во населбата Шуто Оризари, владините мерки за решавање на статусот на вработените во велешка „Колска", обезбедени средства за нови униформи на полицијата, реализацијата на владиниот план „3-6-9", прес на владиниот портпарол за потрошените средства на претходната Влада за субвенционирање на странските компании, промоција на владиниот пакет мерки за економски раст, најавената ревизија од Министерството за земјоделие на договорите за закуп на државно земјиште. Медиумот извести и за: одбележувањето на Денот на независноста – 8 септември, најавите за учество на владина делегација на генерално собрание на ООН, најавената ревизија на учебниците и намалување на бројот на часови, поднесените кривични пријави од МВР до поранешниот миистер за транспорт и врски Миле Јанакиевски и за велешкиот градоначалник, посетата на премиерот на затворот Идризово.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Субјект | ТВ Сонце<br>Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:11:49 | 7,63 | % |
| Собрание на РМ | 00:08:05 | 5,22 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:05:12 | 3,36 | % |
| Влада на РМ | 00:54:01 | 34,91 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:27 | 1,58 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:54 | 6,39 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:47 | 12,79 | % |
| Македонска алијанса | 00:15:38 | 10,10 | % |
| Собрание (Беса) | 00:01:39 | 1,07 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:17 | 2,12 | % |
| ДИК и други органи | 00:06:17 | 4,06 | % |
| СДСМ | 00:01:41 | 1,09 | % |
| Други субјекти | 00:08:46 | 5,66 | % |
| Судство | 00:02:28 | 1,59 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:57 | 1,26 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:47 | 1,15 | % |
| | **Вкупно: 02:34:43** | 100 | % |

Според временската застапеност во вестите следуваат субјектите кодирани како амбасадори/меѓународни организации/странски политичари и политичкиот субјект Македонска алијанса. Застапеноста на првиот субјект се должи пред се на информациите за средбите на странските политичари со македонските претставници.

Медиумот и во овој четврти по ред извештаен период, значителен простор во однос на другите политички партии, отстапи за пренесување на ставовите на политичкиот субјект Македонска алијанса, чијшто претседател Ѓорѓија Џорџ Атанасоски, е и сопственик на телевизијата.

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Сонце | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:24 | 10,41 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:49 | 8,62 | % |
| Влада на РМ | 00:18:49 | 57,60 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:59 | 3,01 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:34 | 4,80 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:22 | 4,18 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:17 | 3,93 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:19 | 4,03 | % |
| Други субјекти | 00:01:07 | 3,42 | % |
| | **Вкупно: 00:32:40** | 100 | % |

Во релативно малиот обем директни обраќања (вкупно 32 минути и 40 секунди), речиси три петтини од тоа време е одвоено за директните обраќања на владините претставници (18 минути и 49 секунди).

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Интервју</u>*

Во рамки на емисијата „Дијалози за Македонија", емитувана на 9 септември, гостуваа двајца членови на ВМРО ДПМНЕ, Илија Илиоски и Горазд Чаповски, претставници на Иницијативата за реформи во партијата. Тема на дискусија беа нивните заложби за неопходноста од спроведување реформи во ВМРО ДПМНЕ. Разговорот со двајцата претставници беше репризиран во рамки на извештајниот период.

## ТВ КАНАЛ 5 ПЛУС

### *Дневно-информативни емисии*

Од 6 до 15 септември, на програмата на ТВ Канал 5 Плус не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија што би било предмет на мониторинг согласно со критериумите од Методологијата.

### *Други програми*

Во споменатиот календарски период земен за предмет на анализа, евидентирани беа само репризи на утринската програма „Здраво Македонијо", од која методолошки се издвоени само сегментите оформени како актуелно-информативна, контактна програма.

Темите на тие сегменти се наведени во извештајот за програмата на ТВ Канал 5.

## ТВ СИТЕЛ 3

### *Дневно-информативни емисии*

На ТВ Сител 3 во десетдневниот период од 6 до 15 септември 2017 година не се емитуваа вести како посебна информативна целина.

### *Други програми*

Во периодот на анализата, медиумот секојдневно ја репризираше утринската контактна програма „Ја сакам Македонија" премиерно емитувана на ТВ Сител. Констатациите за делот именуван - „На дневен ред", концепциски реализиран како „отворено студио", важат како што се дадени во извештајот за ТВ Сител.

## НАША ТВ

### *Дневно-информативни емисии*

Наша ТВ не емитува сопствени дневно-информативни емисии.

### *Посебни информативни емисии*

*Интервјуа*

Реактуелизирани се две интервјуа, снимени и емитувани во текот на 2015 и 2016 година. Првото е со поранешната директорка на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, Весна Бабиќ Петровски, а второто со поранешниот директор на Националниот ансамбл „Танец", Зоран Џорлев. Двете реактуелизирани интервјуа се репризно емитувани уште по еднаш во извештајниот период.

## РАДИО

### КАНАЛ 77

#### *Дневно-информативни емисии*

Од 6 до 15 септември не беше регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија што би било предмет на мониторинг согласно со критериумите од Методологијата. Радиото емитуваше флеш-вести со времетраење од 2 до 3 минути, поврзани со актуелните случувања во државата.

#### *Посебни информативни емисии*

*Други информативни програми*

Во двочасовното издание на актуелно-информативната емисија „Стадион" од 9 септември 2017 година, тема беше годишницата од независноста на Република Македонија, односно историјата и проекциите за иднината на самостојната држава. Појдовна основа за ставовите на слушателите беше разговорот со Туше Гошев, поранешен министер за правда, и Милан Талески, некогашен претседател на Собранието на град Скопје. Во текот на разговорот емитувано е и снимено интервју со Стојан Андов, поранешниот претседател на Собранието на Република Македонија.

### РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА

#### *Дневно-информативни емисии*

На Радио Слободна Македонија, во анализирани седум изданија на централниот „Дневник" од 16 часот и 30 минути (кој не се емитуваше за викенд и на денот на независноста) анализираните прилози имаат времетраење од 1 час 11 минути и 23 секунди (под методолошкиот праг од најмалку 2 часа за извлекување заклучоци), но сепак треба да се напомене дека 38 минути и 45 секунди од ова време се за ВМРО ДПМНЕ, а другите партии практично и да ги нема.

#### *Други програми*

На 12 септември, медиумот го репризираше изданието на емисијата „Земјо Македонска", оригинално емитувана на 12 февруари 2016 година, а во која водителот Тони Михајловски зборува за тогашното интервју што Зоран Заев, тогаш лидер на опозициската СДСМ, го даде за Сител ТВ, а го водеше Драган Павловиќ Латас. Репризирањето на оваа емисија коинцидира со дебатата со Зоран Заев, сега на позиција на премиер, што беше реализирана на 12 септември 2017 година на ТВ 24 Вести, со што медиумот дава поинаков контекст на моменталната политичка ситуација. Емисијата „Земјо Македонска" изобилува со вулгарен и непристоен речник, односно е во спротивност со професионалното начело за негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста.